**Драган Арсовски**

**Софрон Ѓеоргиевски**

# ПАМЕТНИЦИ ЗА ЦАРЕВО СЕЛО

## (ЦРКВИТЕ И МАНАСТИРИТЕ ВО ДЕЛЧЕВСКО

## И СВЕДОШТВА НА ЦАРЕВОСЕЛЦИ)

Делчево,2020

Драган Арсовски

Софрон Ѓеоргиевски

Паметници за Царево Село

Рецензенти:

Д-р Михаило Георгиевски

Д-р Милан Бошковски

Лектор:

М-р Даниела Такева

Резимето на англиски јазик го преведе:

Дијана Атанасова

Компјутерска обработка:

ДПТУ„Студенски сервис“ДОО

Издавач:

ДПТУ„Студенски сервис“ДОО

Орце Ристовски

ЈЛБ„Илинден“-Делчево

Биљана Петровска

Печати:

ДПТУ„Студенски Сервис“ДОО

Тираж:

200

**Предговор**

Со многу љубов, ентузијазам и со желба да го сочуваме од заборав материјалот вреден како оставштина за делчевските цркви и манастири кои со текот на времето во долгата историја на оваа територија биле разрушувани и полека паѓале во заборав, пристапивме кон подготовката на оваа исклучителна монографија која ќе остане како аманет на следните генерации делчевци и доказ за времето кое одамна поминало.

Горди на нашата работа и значителниот придонес во обелоденувањето на исклучително значајната содржина во книгата, изразуваме огромна благодарност до семејството Арсовски, особено голема благодарност до Лимонка Арсовска, сопругата на Драган Арсовски, еден од авторите на книгата. Несебично, со многу љубов, без никаков надомест, сите материјали и ракописи Арсовски ги подарија на библиотеката, со цел да бидат зачувани од времето на заборавот.

Во ова дело, сочувани се истражувањата поткрепени со факти, докази, фотографии, преданија за црквите и манастирите во Делчевско, но и сведоштва на времето тешко за живот, со многу премрежја, сиромаштија и борба за живот, сведоштва на обичните луѓе кои на себе го чувствувале и со свои очи го гледале турбулентниот период од создавањето на македонската нација и држава. Ова се вредни сведоштва, вредни како алтани кои скромно, но гласно зборуваат за животот на Пијанец во периодот пред и по Втората светска војна. Овие материјали од неуморните автори се собирани во осумдесеттите и деведесттите години на минатиот век, а во ракопис се чувани повеќе од три децении.

И ете, трудот на професорот Драган Арсовски, конечно, ќе ја „види светлината“ и сите материјали, белешки, сведоштва кои Арсовски долги години ги собирал и чувал, ќе бидат зачувани во оваа книга.
Во самите материјали и белешки има многу вредни, убави и интересни податоци кои денес тешко можат да се најдат и соберат, вредни факти и бројки кои би било штета да останат необјавени на едно место во една книга.
ЈЛБ„Илинден“ подолго време работеше на обработката, уредувањето и ставањето на материјалите во електронска форма и со финансиска помош на Општина Делчево и ЈЛБ „Илинден“, делчевци ќе имаат книга, вредна да се прочита, вредна да се раскажува.

**ЈЛБ„Илинден“-Делчево**

## Вовед

Со оваа публикација, прва од ваков вид во Делчевско, се настојува да се направи краток преглед на црквите и манастирите во минатото и денес во Делчевско. Покрај тоа, се евидентираат и објекти, како што се: свети води и места обележани со камени крстови, каде месното население практикува црковни обреди.

За прегледот се користени објавени податоци во литературата, легенди и топоними кои се поткрепени и со материјални остатоци од црковни објекти.

Во публикацијата се настојува да се внесат основни податоци за забележаните христијански цркви и манастири на оваа подрачје од раното христијанство, па до денес.

За постојните цркви и манастири, според расположливите податоци, се бележи од кога датираат, кои се ктиторите, кој го сликал живописот и во кое време, кога се рушени и обновувани и слично.

Бидејќи времето влијае и врз промената на некои од обичаите и обредите што се практикувале од православните верници во овој крај, се забележани и формите на прослава на некои од поголемите христијански празници. Прославите се пренесени, така, како што се празнувале, без дополнителен коментар.

Сметаме дека овој преглед, проследен и со фотографии, може да послужи како основна информација за црковното минато на овој крај, но и како основа за понатамошно истражување во таа област.

Од авторите

## ЦРКВИТЕ И МАНСТИРИТЕ ВО ДЕЛЧЕВСКО

Иако не се најсоодветни, сепак, релјефот, водите и климатските услови овозможувале и на овој простор да има човечки живот уште од дамнешни времиња. Во археолошките карти на Македонија и на Делчевската Општина се забележани податоци за стари населби, тврдини, некрополи и цркви.

Во музејската збирка на Делчево и во збирката на некои граѓани има археолошки предмети во вид на камени секири, бронзени мечеви, најразновидни керамички садови, монети од разни временски периоди и други предмети кои сведочат дека тука имало човечки живот уште од енеолитот.

Племињата и народите кои живееле на овие простори спроведувале и одредени форми религиозен живот.

Во оваа публикација, според расположливите податоци, ќе биде направен кус преглед на христијанските базилики, цркви и манастири на подрачјето на денешната  Општина Делчево од  5 и 6 век до денес.

Во Археолошката карта на Македонија се регистрирани 12 ранохристијански цркви на просторот на Делчевско  (1, 124-132).

Во Археолошката карта на Делчевската Општина од 1978 година на подрачјето на оваа Општина се забележани 12 населби со ранохристијански цркви и некрополи.(2, 11).

---

1 Првиот број на текстот во заградата укажува на литературата, наведена на крајот, од која е земен податокот, а бројките по него ги означуваат страниците на книгата од која е црпен тој податок.

2.



**Светата вода помеѓу атарот на Разловци и Нов Истевник**

3.

Бидејќи тие населби во тоа време биле мали и немале многу голема материјална моќ и црковните објекти биле мали. Тоа биле еднобродни црквички, обично, со размер 12х7 метри, лоцирани во близина на населбите, на повисоки тераси покрај извори на вода.

Црквите на ова подрачје биле мали, но многубројни за тогашните услови на живот. И денеска на овој простор има скоро ист број цркви и манастири.Тоа зборува за широка распространетост на ранохристијанството во овој крај.

Со доселувањето на Словените  на овие простори, многу работи се промениле и во црковниот живот. Како што е познато од историјата, Словените во Пијанец се доселувале во периодот од 80-тите години на VI до 30-тите години на VII век (4,29).

Нема многу податоци за начинот на кој Словените го примале христијанството на просторот на Пијанец. Нешто повеќе за тоа може да се дознае од легендата, според која, кај Светата вода во Разловци имало испосничка ќелија на словенските браќа Кирил и Методиј, во која Кирил живеел испоснички живот и преведувал грчки црковни книги на словенски јазик. Оваа легенда ја забележале и Јордан Иванов и Јерениј Павловиќ (16,30).

Со археолошкото истражување во 2002 година кај месноста Гробиштата во Мандалевско Маало во Очипала беа откриени 42 христијански гроба на покојници со различен пол и возраст. Стручњаците претпоставуваат дека гробовите потекнуваат од периодот X-XII век.

4.



**Во околината на средновековната кула кај Делчево имало и црковни објекти**

**5.**

Во Грамотата на Василиј II, издадена од Охридската архиепископија во 1019 година се зборува и за црковниот живот во Пијанец. Во неа се наведува дека „епископот на Мороздизд да има во Мороздвизд, Злетово, Луковица, Пијанец и Малешево 15 крилици и 15 парици“(4,21) . Како што е познато од историјата, зависните селани биле парици или крилици. Париците работеле и на световните и на црковните имоти, а крилиците само на црковните.(32,132).

Тие податоци зборуваат за развиен црковен живот и во Пијанец.

Уште повеќе податоци за црковниот живот во Пијанец во средниот век можат да се најдат во Грамотата на цар Душан од 1347 година. Во таа Грамота во Брегалничкиот Пијанец се споменуваат црквите: „Св.Никола“ лоцирана во близина на Делчево. Црквата „Св.Илија“ се наоѓала на десната страна на Брегалница во Илиово, „Св.Ѓорѓија“ во селото Град, а „Св.Богородица“на околу 1000 метри северозападно од Кулата кај Делчево.

Според името на црковниците, употребено во повелбата за денешното село Црквенец, може да се заклучи дека и во тоа село тогаш, а и порано, се одвивале важни црковни работи.

Од теренската разместеност на цитираните црковни објекти ќе се забележи дека тие го покриваат целото подрачје на денешната Делчевска Општина.

6.



**Остатоци од црква во Црквенец, разурната 1878 година која според стручњаците може да потекнува од XVI век**

За континуитетот на црковниот живот во Пијанец може да се дознае и од турскиот попис од 1570 година. Во тој попис, како данокоплаќачи се споменуваат попски семејства од селата: Илиово, Селник, Црквенец, Ѕвегор и Град. (5, 287, 296, 302, 570).

Иако во пописот на тие места не се споменуваат цркви, логично е да се претпостави дека поповите вршеле богослужби во населби каде што имало и цркви.

Од претходните податоци може да се види дека во селата Илиово, Црквенец и Град имало цркви и од порано.

Најверојатно, во тоа време имало црква и во селото Ѕвегор. Според тој попис, тогаш во селото Ѕвегор имало 8 муслимански чифлици, а живееле и 56 христијански семејства и 59 неженети.Тоа значи дека населението во селото било христијанско, па можело во него да има и поп. Тоа е и потврда дека христијанското население од Долно Ѕвегри, како што е заведено во тој попис, денешното село Ѕвегор, сè уште не било потурчено.

Од средината на XIX век, турската власт била полиберална во однос на изградбата или обновата на црквите и манастирите. Со Хатихумајунот од 1856 година, прв пат се прокламира слобода на вероисповед и рамноправност на сите турски поданици (20,198). Како резултат на тие прилики и во Пијанец се градени и обновувани повеќе православни цркви и манастири.

Според Владимир Караманов, на подрачјето на денешната Делчевска Општина пред 1878 година, постоеле цркви во Царево Село, Истевник, Разловци, Вирче, Град, Драмче, Селник и Долни Црквинец (Црквенец) (11,144).



Разловечкото востание, двомесечната слобода на Пијанец и Кресненско-македонското востание оставиле длабоки траги во целокупниот живот на месното македонско население во овој крај, па и на црковниот живот.

Според податоцоте што ги дава Јордан Иванов, по тие настани, црквата во Царево Село била опустошена, црквите во Вирче, Разловци и Истевник биле ограбени од Турците, а во Град и Црквенец ограбени и разрушени (10,316).

Црквите во Драмче и Селник, исто така, биле опустошени, но подоцна се оспособени за работа. Разурнатата црква во село Град била обновена во првата половина на XX век, додека во Црквенец не е возобновена. Од неа и денес има само еден дел од олтарната страна кој заслужува да биде заштитен како спомен на тоа време.

По тие настани, црковниот живот во Пијанец тешко се консолидирал, бидејќи во голем дел од населбите преовладувало муслиманското над православното население.

9.

**Манстири**

Манстрите во Делчевско не се доволно истражувани. Од малкуте познати податоци, од топонимите и од материјалните остатоци на месностите кои се познати како манастирски, може да се заклучи дека на подрачјето на денешната општина во минатото постоеле повеќе манастири.

Нема многу податоци во кое време работеле тие манастири. Во скратениот регистар на Ќустендилскиот Санџак од 1519 година, во Пијанец нема регистрирани манстири (21,77).

Со сигурност може да се тврди дека во минатото постоел манастир во Манастирскиот Ендек кај Делчево и манастирот „Св.Пантелејмон“ кај Голак. По еден манастир имало во подножјето на планината Острец и во атарот на селото Чифлик. За сите нив повеке ќе стане збор во делот во посветен на црквите и манастирите во Делчевско.

Освен црквите и манстирите  на подрачјето на денешната Делчевска Општина, постоеле седум свети места, обележани со камен крст. Во тие места, на верски празници, месното население извршувало верски обреди или се одржувале народни собири. На повеќе места во општината има свети води.  Антон Попстоилов (14,286), како и Ѓорче Петров (33,188) забележале дека светата вода кај „Св.Петка“ на Голак била железна, кај Тработивиште кисела, кај Вирче сулфурна, а кај Разловци варовита.

10.



**На ова место , под манастирот на Голак, според преданието, некогаш имало црква „Св.Петка“**

## Црквите и манастирите во Царево Село (Делчево)

Како што може да се заклучи од распоредот на црковните имоти во Брегалничкиот Пијанец што ги споменува цар Душан во Грамотата од 1347 година со која се доделуваат повеќе цркви и црковни имоти од Брегалничкиот Пијанец на Злетовската епископија, Царево Село се наоѓало на местото каде што е и денес. Во литературата не се познати доволно прецизни податоци за црковните објекти во него.

Во Грамотата на цар Душан се спомнува црква „Св. Никола“, со село, лозје, воденица и луг. За точната локација на таа црква има различни мислења помеѓу истражувачите.

Миодраг Пурковиќ црквата „Св.Никола“ ја споменува „во Пијанец кај Царево Село“ (25, 38).

Илија Васев за локацијата на таа црква ја употребува истата формулација (24,138). Според него, цар Душан во прериодот меѓу 1347-1350 година, црквата ја приложил на Лесновскиот манастир, а заедно со него во 1381 година Константин Дејановиќ ја приложил на манастирот Хилендар. Таа црква потекнува најдоцна од почетокот на XIV век (24,138).

Проф. д-р Александар Атанасовски смета дека локацијата на таа црква треба да се бара на Брегалница во Драмче.

Во најново време се откриени богати остатоци од црква кај Дуовци во Очипала што сугерира дека црквата се наоѓала на тоа место.

Според сеќавањата на Петар Трајанов (Петрачко) од Царево Село кој во 1927 година имал 70 години, а кое  го запишал Јеремија Павловиќ, столбовите на постојната царевоселска црква се донесени од некоја црква што се наоѓала под сегашните делчевски гробишта која тогаш била во рушевина. Во кое време постоела таа црква и под кое име, не му е познато (6,307).

12.



**Црквата „Св.Богородица“, Делчево, од средината на XIX век**

И од разурнатата црква „Св.Богородица" на Брегалница која се споменува во Грамотата на цар Душан од 1347 година, а која според преданието, топонимите и материјалните остатоци, се наоѓала во близина на Кулата кај Делчево, бил пренесуван градежен материјал за изградба на постојната црква во Делчево која го носи истото име.

Сегашната црква во Делчево е градена кон средината на XIX век. Црквата нема живопис. Во 1858 година иконите во иконостасот ги насликал зографот Димитар Андонов од село Магарево близу Битола. Нему му се придружил Глигориј Пецанов од Струмица кој е автор на иконата Свети Пантелејмон (3,185).

Во времето на Кралството Југославија, пред сегашната гимназиска зграда во Делчево била изградена убава црковна зграда која не била довршена и дадена во употреба. Понесени во борбта против религијата, властите од Делчево ја срушиле во 50-тите години од XX век.

Иако нема повеќе податоци за црквите и манастирите во Царево Село во периодот пред 1878 година, сепак, можат да се најдат повеќе податоци за свештениците од гратчето. Според Владимир Караманов, (11,148) до 1878 година во Царево Село имало 7-8 попови кои држеле по неколку куќи во градот, а во исто време, секој од нив имал енорија и по некои села од тоа подрачје.

Во Царево Село и во некои села од Пијанец имало свештенички родови каде свештеничката професија се пренесувала од една на друга генерација.

14.



**Спроти Млин Миленков, кај Кулата, се наоѓала средновековна црква „Св.Богородица“**

**15.**

Иницијативата за изградба на женски манастир во Царево Село, по 1856 година, од гратчето ја поддржале 4 свештеници. Освен нив, како бегалци од Царево Село, по 1878 година на свештеничката професија во Ќустендил работеле и Данаил Поп Иванов и Никола Поп Михајлов кој помеѓу 1869 и 1878 година бил учител во селото Ваксево, Р. Бугарија (36,102).

На свештеничката професија во Ќустендил работеле и попови бегалци од Вирче, поп Атанас Стоилов, поп Ѓорѓи Миленков и поп Димитар Виречки.(23-110).

Пијанечките попови играле важна улога и во општествениот живот на ова подрачје во втората половина на XIX век.

Поп Стојан од Разловци е еден од главните организатори на Разловечкото востание. Иванчо Попов Икономанов кој потекнува од попскиот род од Царево Село, во времето на двомесечната слобода на Пијанец во 1878 година, е првиот претседател на Времената управа на слободната територија на ова подрачје.

Во бурните настани околу Илинденското востание 1903 година, како актери во тие настани на страна на македонскиот народ, се споменуваат и отец Скелари, претседател на Црковната општина од Царево Село и свештеникот Петре од Разловци и Атанас од Тработивиште (13,197).

Пред периодот на засилената урбанизација на градот и зголемувањето на фреквенцијата во сообраќајот, во Делчево се одржуваа големи црковно-народни собори на Тодорова и Мартината сабота, со музика и оро, на кое доаѓаа соборјани од целата општина.

Во собориштето кај Манастирскиот Ендек, во првиот петок по Велигден, се одржуваше собор со курбан и народна веселба. По обновувањето на манастирот „Св.Богородица-Балаклија“ се одржува курбан, но без музика и оро.

16.



**Новата црква во изградба во Делчево**

**17.**

**Манастирот кај Делчево**

Најверојатно, постоењето на манастир во месноста Манастирски Ендек е поврзано со иницијативата на две калуѓерки од беровскиот женски манастир да отворат женски манастир и во Царево Село. Во 1856 година калуѓерките Акилина и Аглинда од беровскиот женски манастир, според записот на Владимир Караманов (23,77), дошле во Царево Село со намера и тука да отворат женски манастир.

Бидејќи во Царево Село немало манастирска зграда и имот, тие од почетокот се издржувале со служење во црквата и со ткаење шајаци за машки костими кои ги продавале на пазарот.

Идејата за изградба на женски манастир во Царево Село ја прифатило македонското православно население од овој крај. Со поддршка на царевоселските првенци, на чело со дедо Нико, била собрана извесна помош. Некои од мештаните, како помош за манастирот, продавале по некое нивче, ливада или добиток.

Собраната помош и со трудот на калуѓерките чиј број постојано растел со моми и вдовици од Пијанец, биле создадени можности за отпочнување со градба на манастирот и штали за крупен и ситен добиток.

Во 1870 година, бројот на калуѓерки се зголемил за 10-12. На пијанечките калуѓерки им се придружила и една калуѓерка, Филотеја која дошла од Влашко, Романија. Таа знаела да шие свилени женски фустани и со тоа го зголемила приходот за манастирот. Но, сето тоа не било доволно, па се наметнала потребата од собирање доброволни прилози за изградба на манастирот и во околните христијански земји. За реализација на таа идеја, иницијаторите за изградба на манастирот побарале помош и од егзархиската црковна општина во Ќустендил. За таа цел во 1872 година, тие упатиле молба до неа во која меѓу другото стои:„…Што се однесува до царевоселскиот женски манастир, тој не е во можност да опстане без поширока поддршка од народот и без доброволни средства за негова изградба што треба да бидат обезбедени во други побогати држави по пат на дарување, собирни акции и просење. Но, за таа цел, потребно е да се добие одобрение или писмо за собирање доброволни прилози. Останувамe со надеж дека ќе преземете чекори за решавање на нашата молба.

Ваши покорни царевоселци,

Архимандрит поп Антим, поп Иван, поп Манчов, Марин Јован, аза Ристо Стојановиќ, Димитри Николовиќ, Нико Икономовиќ, Андреј Накович, поп Симеон Јовевиќ.“

18.



**Собор кај манастирот „Св.Богородица-Балаклија“ во Делчево**

Тие барале таа да посредува кај турските власти за да им биде дозволено да собираат помош за манастирот во Бугарија, Србија, Романија и Русија. Во таа мисија требало да заминат две калуѓерки и дедо Нико.

Акцијата за собирање помош и во други земји ја спречил царевоселскиот свештеник Атанас Ников. Бидејќи тој во дејноста на калуѓерството гледал конкуренција на неговата работа, а бил и во лоши односи со нив, свештеникот Атанас ги накодошил кај турските власти дека тие се занимавале со комитски работи, а не дека собирале доброволни прилози. Калуѓерките и дедо Нико поминале тежок период додека да се ослободат од затворот во Софија. Но, бидејќи ја докажале клеветничката улога на свештеникот Атанас, тие биле пуштени, а тој затворен. По пуштањето од затвор, предавничкиот поп бил исмејуван и игнориран од мештаните, па тој се потурчил и го напуштил Пијанец.

Во пролетта 1878 година, по двомесечната слобода на Пијанец, заедно со другите бегалци од овој крај, побегнале и калуѓерките. Занимавајќи се со црковна дејност, тие 2-3 години престојувале во Ќустендил, а потоа во селото Кремиковци, Софиско, обновиле некој стар манастир.

По тие настани немало услови манастирот да биде целосно изграден и да работи како што било порано.

Според преданието, манастирската црква со придружните објекти требало да бидат изградени на локација на која сега се наоѓа манастирот „Св.Богородица-Балаклија“, а манастирчето во погорниот дел од долот.

Во 30-те години на XX век месното македонско население го изградило манастирчето во подолниот дел од Манастирскиот Ендек, а нешто подоцна и погорното манастирче.

На темелите на подолното манастирче во 1999 година е изграден убав манастир познат како манастир „Св.Богородица – Балаклија“. Тој манастир потсетува на сите напори на царевоселци да изградат свој манастир во втората половина на XIX век и на традиционалниот царевоселски собор кој се одржувал во таа месност во првиот петок по Велигден.

Околу 1930 година е изградена и капелна црква кај градските гробишта. Според сеќавањето на старите царевоселци, а и според написите на гробните одбележја, погребувањето во тие гробишта започнало во 1922 година. Пред тоа, македонското православно население од Царево Село се погребувало во гробиштата во дворот на градската црка „Св.Богородица“. Според преданието, некои царевоселци се погребани и на Голем Рид, југоисточно од Царево Село. Гробишта имало и на Чуката и околу неа. Во 1966 година при ископувањата на резервоарот на градскиот водовод, на Чуката беа откопани човечки скелети и други предмети приложени со мртовците. И сега околу Чуката се познаваат остатоци од гробови. Со археолошките истражувања треба да се даде одговор на прашањето од кое време се тие гробишта и дали царевоселското христијанско население не се погребувало таму, пред да се пренесат гробиштата во дворот на градската црква.

Кај Чуката има и топоним Црковиште. Но, не е јасно дали некогаш имало и црква или тоа било само собиралиште на православното население за обновување на црковните обреди.

21.

**Град**

Населбата во село Град со векови претставувала значаен духовен центар во Пијанец.

Најверојатно, местоположбата на селото која овозможува поволно поврзување на долините на реките Брегалница и Струма и плодното земјиште во атарот на тоа село, влијаело на тој простор да има континуиран човечки живот од неолитот, па до денес.

Во Археолошката карта на Делчевската Општина е изнесена констатација дека врз основа на пронајдената основа со сребрени монети (октобили) и други материјални докази, може да се заклучи дека тука егзистирала населба уште од IV-III век п.н.е. која во Римско време прераснала во градска населба.(2,10).

Во Археолошката карта на Македонија, градиштето во село Град е датирано од хеленистичко и доцна античко време. Со оглед на големината на градиштето од 1,5 хектари и на временскиот континуитет, се претпоставува дека таа населба би можела да се идентификува со македонскиот антички град Армонија кој се наоѓал на трасата на патот Стоби - Пауталија.(1,25)

Со археолошките истражувања на Градиште во с.Град во 2001 година регистриран културен хоризонт од VI  век, потврден со монетата на Јустин II. Откриени се објекти од VI век и други материјални предмети од доцната антика (34,88).

Со истражувањата во месноста Градиште се пронајдени три бронзени крста. Едниот е датиран од X-XII век, другиот од среден век, а третиот од XVIII век. Сите тие крстови се чуваат во музејската збирка во Делчево.

Иако во атарот на Град, во досега познати извори и литература, не се регистрирани ранохристијански цркви, сепак, не е можно во една така голема населба во континуитет да немало цркви. Според преданието, во тоа село имало 7 цркви.

Во месноста Селце се забележани остатоци од црква.

Во средниот век можат да се пронајдат повеќе податоци за градската црква. Во Грамотата на цар Душан од 1347 година се споменува црквата „Св.Ѓорѓија“ која се лоцира во селото Град (4,161). Црквата во Град и денеска го носи тоа име.

Во турскиот попис од 1570 година како данокоплаќачи од селото Град кое тогаш имало 154 христијански семејста и 113 неженети, се споменуваат поп Драле и попските синови Лист Јован, Стојан Добро, Петко и Лацар (5,287). Тоа зборува за голем свештенички род кој, најверојатно, работел во црква или цркви во Град.

Јеремија Павловиќ забележал дека во Брегалничкиот Пијанец најголеми и најубави средновековни цркви имало во селата Долни Црквинец и Град. Тие личеле една на друга. Според раскошноста на живописот, тој претпоставува дека можеби црквата во Град е Оливерова задужбина (6,29).

За состојбата на црковниот живот во селото во XVIII и првата половина на  XIX век, нема многу податоци.

23.



**Градиштето во Град е сведок за континуиран човечки живот уште од дамнешни времиња.**

**24.**

Но, за состојбата на градската црква во половината на XIX век, многу илустративно зборува ферманот за изградба и доградба на црквата „Св.Ѓорѓија“ кој се наоѓа во Архивот на Македонија.

Тој дословно гласи:

„Тугра“

До гордоста на благородните и благодателите, сосредоточните на благородноста и на инзвонредната благодетелност, со многу милости на бесмртниот владетел (Бога). До едниот од тројцата достоинственици, кајмаканот на Ќустендилскиот санџак Мустафа Беј-Нека му се зголеми славата на неговиот пример. До началниците-иследувачи на вистината, наибот и муфтијата на Ќустендилската каза-Нека им се зголеми знаењето и до Гордостите на сличните и еднаквите членови на меџлисот. -Нека им се зголеми достоинството, кога ќе стигне мојот висок царски знак нека се знае:

Поднесено ми е известување од страна на Грчкиот патријарх на Истанбул и неговото подрачје дека жителите од село Град, кое се наоѓа во Ќустендилската каза, бараат да се издаде мојата царска дозвола за изградба и обнова на грчката црква под име „Св.Ѓорѓија“ која е во располагање, а чија должина изнесува 22, ширина 16 и висина 12 аршини.

Не постои, воопшто, потреба за објаснување дека секој поданик на целото мое Големо царство располага со право на потполна заштита и племенитост на чувство, а тоа го бара праведливоста.

Го издавам моето Високо царско одобрение со моја Висока царска согласност, споменатата црква да биде обновена и изградена на споменатиот начин. Според ова, објавена е оваа Висока наредба од мојот царски диван која ја содржи дозволата за она што треба да се направи.

Вие, кои сте вкајмакам, наиб, муфтијата и други горespоменати, ни од која страна да не настанат незгоди со отпшо и спротивставување за обновата и изградбата на споменатата црква по постапката што е опишана: по должина 22, ширина 16 и висина 12 аршина.

За оваа работа никому да не му се дозволи да земе ни акче ни зрно и да не се дозволи да се пречекори од споменатата максимална дозволена вредност.Да се чувате и да избегнувате отпор во внимателноста на извршувањето на делото.Така, да знаете и на мојот Славен знак да се потпрете.

Напишано во третата декада на месец ЕШ-Шерифе, 1273 година по Хиџра.

Во заштитениот Цариград“

Тука треба да се каже дека датумот на документот по Хуџра од 1273 година одговара на 13-22 јули 1856 година.

Оваа дозвола, а и обновата на други цркви во Пијанец во првите децении од втората половина на XIX век, е во согласност и рамноправност на сите турски поданици.

Од археолошките истражувања кои беа спроведени во Град во 2001 година се виде дека црквата била изградена и обновена до 1858 година.

Од прегледот што го дава Јордан Иванов за состојбата на црквите во Пијанец (10,316) може да се заклучи дека и црквата во Град била ограбена и разрушена по 1878 година.

По 1878 година настанале големи промени во националниот состав на населението во селото. Плашејќи се од одмазда по двомесечната слобода на Пијанец од 1878 година, македонското население од Брегалничкиот Пијанец масовно побегнало преку демаркациската линија во територијата на Бугарија која тогаш била под управа на руската војска. Во Град останале само неколку македонски семејства, а во куќите и на имотите на побегнатото македонско население, се доселите муслимани од Бугарија кои во Руско-турската војна 1877-1878 година побегнале од таму.

Според прегледот што го дава Васил Кнчов, од пописот на населението во 1894 година, во селото Град имало само 30 христијани, а останатите 560 жители на селото биле муслимани (18,355).

Јеремиј Павловиќ забележал дека околу 1928 година во Град имало околу 30 македонски семејства (6,29).

Таквиот сооднос во националниот состав на населението од тоа село не овозможувале обнова на црквата. За тоа се создале услови дури во 30-тите години на XX век. Според наодите на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, црквата во село Град е обновена во 1933 година. Врз темелите на разурната црква е обновена сегашната црква во селото.

Работена е според типот на црквите од XIX век. Иконостасот го насликал Гаврил Атанасов од Берово во 1937 и 1938 година. Таму се потпишал и неговиот син Борис Гаврилов Зографски (3,185).

**27.**



**Црквата „Св.Ѓорѓија", Град, обновена со Солунски ферман од 1856 година, па срушена 1878 година и, пак, обновена во 1933 година**

**28.**

Локалитетот  во Град досега не е целосно истражен. Од одделните истражувања и случајните наоди од мештаните, може да се заклучи дека се работи за локација со богати археолошки наоди.

Со оглед на големината и утврдувањето на Градиштето, археолошките наоди и богатиот црковен живот, понатамошните истражувања треба да дадат одговор на прашањето дали таму се наоѓал, во континуитет, еден од поголемите духовни центри во овој регион.

Понатамошните истражиувања треба да дадат одговори на прашањето каква била вистинската улога на  селото Град, како културен и духовен центар во Пијанец.

Градскиот собор се одржува на празникот Светиот Дух. Гостите се пречекувале дома, а младинците навечер си приредуваат игранка во селскиiот дом. На Илинден има собор на верниците од селото, кај селската црква, со курбан, но без оро и песни.

## Црквинец

Сè до 30-те години од XX век, Ветрен и Црквинец биле одделни села. Оттогаш до сега, иако на подрачјето на некогашното село Ветрен сега нема население, Црквинец се води под името Ватрен.

За црквите и манастирите во Црквинец нема многу познати пишувани податоци. Но, од познатата литература и материјалните остатоци, може да се заклучи дека во тоа село, во минатото имало богат црковен живот, па од таму и го добило името Црквинец. Можеби, тоа е и резултат на неговата местоположба. Во Црквинец се вкрстувале римскиот пат Штип-Ќустендил со стариот пат, кој од Осогово преку Пијанец водел за Солун.

Во Археолошката карта на Македонија е регистрирана, во маалото Бела Река во Црквинец, населбата и некрополата од доцноантичко време. Во истото маало, на друго место се споменува и населбата од доцноантичко време и средновековна црква со некропола(1,132). Но, од други податоци произлегува дека тие податоци не ја одразуваат правата состојба.

Во граматата на цар Душан од 1347 година, со која тој подарува повеќе цркви и црковни имоти од Пијанец на Злетовската епархија, се споменува и ЦРКОВНИЦИ во Могилец (4,97). Тоа име, се однесува на денешниот Црквинец. Под тоа име Црквинец е забележан и во став 697 од Старите записи и натписи од Љ.Стојановиќ (6,29).

Самиот термин упатува на тоа дека тоа било место во кое извршувале важни црковни работи или во кое имало повеќе цркви и пред 1347 година.

30.

Топонимот Ѓурѓова црква и некои материјални остатоци во тоа место, упатуваат на тоа дека можеби на таа локација постоела ранохристијанска базилика или црква од првите векови по доселувањето на Словените на овие простори. Месното предание говори за црква од римско време. Црквинци при обработката на нивите на тоа место открија округло обработени камења кои можеле да бидат столбови од црква. Во 1953 година, при копање на темелите на нова училишна зграда, на тоа место беа откриени широки темели од зграда, правени од камења и варов малтер.

Покрај Ѓурѓова црква има повеќе гробови, но и преданија дека тоа се чумини гробишта.

На околу еден километар северно од Ѓурѓова црква има остатоци од олтарниот дел на црква која била посветена, според преданието, на раѓањето на Свети Јован Крстител-Иванден. Стручњаците ја детерминираат со потекло од XVI век (3,185).

Јеремија Павловиќ забележал дека најубавите средновековни цркви во Пијанец, биле црквите во Црквинец и Град. Тој го забележал и сеќавањето на старите царевоселци кои како деца оделе на црква во Црквинец (6,29). Во таа црква се богослужело сѐ до 1878 година (11,144).

Како последица на тоа што во 1878 година во Црквинец се наоѓал штабот на Иљо Малешевски и Димитар Беровски, по двомесечната слобода на Пијанец, турските банди го запалиле селото и ги разурнале црквата и училишната зграда. Старите црквенци, го пренесуваат преданието дека нивните предци, со стражи ја чувале црквата додека можеле, а откако виделе дека не можат да ја одбранат, еден дел од нејзината опрема пренеле во некоја црква во бугарскиот дел на Пијанец.

31.



**Новоизградениот манастир во Црквинец, на локалитетот Ѓурѓова црква**

**32.**

Податокот од турскиот попис од 1570 година, според  кој, како данокоплаќач во тоа време во Црквинец се спомнува и поп Милко, наведува на заклучок дека во XVI век во Црквинец  работела црква.

Во тој попис, денешното село Црквинец е регистрирано под името Долна Црквеница. На одделни места за истото село се употребуваат и имињата Черковци и Црквица.

Според истиот попис, тогашниот Долни Црквинец со 80 семејства е помеѓу најбројните села со жители во Пијанец.

Тогаш соседното село Габрово имало 35 семејства, Ветрен  со делот кој сега е во Р.Бугарија, 49, Киселица 35 и Очипала 42 семејства.

За да опстане толкав број население на тој простор, најверојатно, црквинци обработувале и дел од земјиштето од Царевоселско Поле.

На околу 1000 метри североисточно од срушената црква во 1878 година има топоним Богородица и камен крст. Тоа може да значи дека на празникот Богородица таму се одвивале црковни обреди. На тоа место се познаваат остатоци од темели на згради. Во седумдесетите години на  XX век при копањето ров за водовод беше откриен гроб во кој беше пронајдена монета од XI век. Сето тоа наведува на мислење дека и на ова место имало црковен објект.

Во подножјето на планината Острец има топоним Манастирот. На тоа место и денеска се познаваат темели  од зграда и има кладенец со вода. Месното население тоа место го одбележа со крст и икона, каде што се приложуваат и дарови. Под манастирот има чешма позната како Светата вода.

33.



**Над Светата вода, во подножјето на Острец, некогаш имало манастир**

**34.**

Во маалото Сенишник имаше на едно место камен крст, каде што на одредени празнични денови се собираат жителите од тоа маало и извршуваат црковни обреди, а според преданијата таму се одржувал и црковно-народен собор.

Според преданието, спроти разурнатата црква од која има остатоци и сега, на Иванден се одржувал голен црковно-народен собор со музика  и оро. На тој собор доаѓале соборјани од повеќе места од регионот, а дошла и некоја мома од Цера која останала тука и се омажила за ерген од Сенишник.

Сето тоа зборува дека во атарот  на тоа село континуирано постоеле црковни објекти во кои се одвивал црковен живот.

Во шеесетите години беше направен обид кај Ѓурѓова црква да се одржува собор посветен на Свети Ѓорги. Но, по неколкугодишно одржување, тоа беше прекинато.

Денес кај манастирот кој во 90-те години на XX век, беше изграден на тоа место, на празникот Свети Петка се одржува собор на православни верници од селото, каде доаѓаат и гости и се организира курбан-ручек, но без музика и оро. Таму мештаните се собираат и на други празници.

35.

**Селник**

**Една од најубаво живописаните цркви во Делчевско е Селничката црква**


ХСПЕНІЕ
БГЦЕ

Помеѓу најстарите и богато живописани цркви во Делчевско е црквата „Св.Петка (Параскева)" во селото Селник.Таа е еднокорабна, градена со кршен камен и варов малтер и е покриена со камени плочи. Живописот на црквата е направен за време на епископ Прохор, а го работел Јован или Иван Комнов (3,187-188).

Според преданието во турско време црквата била запуштена, па заради тоа поголем дел од живописот бил подложен на пропаѓање. Обновена е во втората половина на XIX век. Поставен е нов иконостас на кој се наоѓаат икони од 1905 и 1921 година. Иконостасот го насликал Гаврил Атанасов од Берово во 1906 година (3,187). Во 2000 година е направена поправка на црквата и заштита на фрескописот.

Кога била изградбата и кога бил направен живописот на црквата нема точни податоци.

Екипата од Републичкиор завод за заштита на спомениците на културата при евидентирањето на црквата во 1969 година, врз основа на содржината на композицијата на живописот, смета дека таа може да потекнува најрано од XVI век (3,187).  З.Расолкоска- Николовска на Меѓународниот научен симпозиум посветен на светите Наум и Климент Охридски, одржан во Охрид 1993 година, застапува становиште дека таа црква потекнува од првата половина на XVIвек. Добри познавачи на таа материја, исто така, сметаат дека само врз основа на остатокот на првата буква (З) од годината на кога е создаван живописот, може да се смета дека таа потекува од XVIвек. Во прилог на таа претпоставка е и фактот што во турскиот попис од 1570 година, како данокоплаќачи од Селник, на две воденици, се спомнуваат и синовите на поп Никола (5,296).



**Од прославата на Света Петка во Селник, 1999 година**

Логично е да се претпостави дека ако во тоа време имало поп во селото дека тој работел во црква во селото. Досега не е забележано дека во Селник постоела друга црква во која би можел да работи тој поп. Најверојатно, во тоа сиромашно село, попот можел да биде и иницијатор и главен ктитор за изградба на црквата. А, тоа му го овозможиле и приходите од водениците.

Мирајана М. Машниќ во монографски труд за таа црква од 1994 година споредувајќи го живописот на селничката црква со живописот на Алинскиот манастир во Бугарија, смета дека црквата во с. Селник е градена во третата деценија на XVII век (9,101-109).

Понатамошните истражувања треба да ги потврдат историските факти, но , сепак, важно е што црквата во с. Селник претставува вреден црковен и културно-историски споменик во Брегалничкиот Пијанец.

Денеска на Петковден кај Селничката црква се одржува голен црковно-народен собор, со курбан, музика и оро. Според сеќавањата на старите селничани, црковните собири со курбан се правеле и на други празници кај камениот крст што се наоѓал во близина на училишната зграда во селото. На празникот на Свети цар Константин и царица Елена се одржувал собор со курбан, музика и оро, кај месноста Шумањето, а гости се пречекувале по домовите во селото. Сето тоа зборува за богата црковна традиција на населението од тоа село, а и од селата од блиската околина. Таа служела за црковните потреби и на селата Вртиславца и Раково, а во некои периоди и за Киселица.

**Драмче**

Во литературата не е забележано постоење на ранохристијанска црква во тоа село. Стручните лица претпоставуваат дека сегашната црква во селото „Св. Архангел Михаил“, можеби е градена во поствизантискиот период. Црквата е мала еднокорабна градба. Живопис нема. Престолните икони ги сликал Глигорие Пецанов од Струмица (3,186). Значајно за оваа црква, како и за сите други цркви во Пијанец е што таа ги преживувала сите премрежја во Пијанец.

Драмче во минатото било големо христијанско село и затоа во него во текот на годините се одржувале повеќе собори поврзани со христијанските празници.

На празникот Свети Архангел Михаил кај селската црква се одржува собор со курбан. Во минатото на тој собор, обично, жените играле оро само со песни што сами ги пееле.

На Свети Ѓеорѓија, кај Ѓурѓови дабје, каде што има само камен крст, се одржувал собор. Таму немало курбан, но секој домаќин што ќе дојдел на соборот со семејството, носел со себе и печено јагне. Ако на соборот имало поп кој извршувал служба, тогаш нему секој домаќин му давал по една плешка од јагнето и големо парче од погачата што ја подготвил дома.

На празникот Еремија имало собор на ридот над црквата. Тој собор се одржувал без курбан и храна. Гостите се пречекувале дома. Таму имало само музика и оро.

На Велигден, на месноста Турчиновец се одржувал собор без курбан, а само со борење со велигденски јајца, оро и песни.

Сега соборите на Еремија и на Турчиновец не се одржуваат.



**Црквата „Св.Архангел Михаил“ во Драмче е датирана од поствизантискиот период.**

**Од иконописот на црквата во Драмче**



**Киселица**

Во Археолошката карта на Македонија, во местото Богословец под Лисичарското Маало во селото Киселица се забележани остатоци од ранохристијанска црква, градена со скршен камен и варов малтер (1,128). Самото име на местото упатува на тоа дека црквата е наследство од Бога. Во Археолошката карта на Општина Делчево и во „Прегледот на средновековните цркви и манастири во Македонија“ од Илија Велев, црквата под името „Св.Никола“ се детерминира најдоцна од почетокот на XIV . Истата црква во 1381 година, Константин Дејановиќ ја приложил на Лесновскиот манастир, а подоцна заедно со манастирот ја приложил на Хилиндарскиот манастир (2,14), (24,131).

При регистрацијата на црквите од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во 1969 година, во месноста Пештерата, се регистрирани остатоци од мала еднокорабна црква, слична на оние во Драмче и во Црквинец (3,189).

Во тоа село не е регистриеана црква од XIX век.

Кај камениот крст во селото кој се наоѓа во близина на двете регистрирани цркви на средината од селото на Велигден, два дена се одржуваше велигденски собор на кој се бореа велигденски јајца. На другите црковни празници месното население се собира на тоа место, без курбан. На Свети Кирил и Методиј се одржува селскиот собор, додека во сушни години киселичани се собираа кај Пештерската црква да се молат на Бога да даде дожд.

Иако во минатото Киселица било релативно мало село, податоците зборуваат дека таму подолго време во континуитет имало верски објекти.



**Крстот во Киселица каде се прославуваат сите христијански празници во селото**

**Тработивиште**

Иако  Тработивиште и во минатото било едно од поголемите и побогатите села во Делчевско, во атарот на тоа село не се регистрирани повеќе црковни објекти.

На 2 километри северозападно од селото и 150 метри од стариот пат Тработивиште – Делчево, во месноста Шировица, се зачувани остатоци од мала ранохристијанска црква (1,132).

Според раскажувањата на старите тработивиштани, старата црковна зграда во селото е градена кон средината на XIX век. Таа долго време служела за потребите на православните верници од селото. Во 1974 година е дадена во употреба црковна зграда која е градена од донации на месното население и од други граѓани по потекло од Тработивиште и пошироко. Во неа се пренесени иконите и другите предмети од старата црква. Таму се наоѓаат и 3 икони од 1863 година, од непознат иконописец (37,322).

Денес кај таа црква се одржуваат црковни собири на верски празници. Со курбан се одржува собор на Илинден и на Митровден. На Свети Атанасие (летен) собор со курбан се одржува на месноста Крстатие Камен. Таму има крст од камен околу кој се извршувале црковни обреди. Посебно за одбележување е обредот Молибден за дожд. Над селското фудбалско игралиште била изградена нова, но не осветена црковна зграда која е срушена со минирање од страна на властите во 50-те години на XX век. Селскиот собор се одржува на Света Богородица. Гостите на тој ден се пречекуваат по домовите, а вечерта се одржува соборот во селскиот дом на кој присуствуваат во најголем  број младинците од таа и од другите населби во Делчевско.



**Црквата „Св.Богородица“, Тработивиште, изградена на темелите на старата црква која потекнува од крајот на XX  век**

**Ѕвегор**

Иако не е доволно истражен, атарот на селото Ѕвегор претставува богат археолошки локалитет. Според наодите на археолошките истражувања во 2001 година, Големото и Малото градиште зборуваат за остатоци од можна тврдина-гратче, со богати содржини кои датираат од III до VI век.

Од културниот хоризонт од VI век, на тој  локалитет се регистрирани монети на Јустинијан I и Јустин II (34,88).

Географската местоположба на тоа место овозможувала таму во контуинитет да опстојува населба. Преку Ѕвегор поминувал еден од патиштата што ги поврзувал долините на реките Брегалница и Струма.

Во таа населба со векови живеело христијанско население за што сведочат и археолошките наоди и топонимите.

Во месноста Илина Црква која се наоѓа источно од локалитетот Мало Градиште, се зачувани траги од ранохристијанска црква со димензии 16 x 7 метри (1,127). Според топонимите и преданието во близина на Амамот од левата страна на патот кој води кон Бугарија, се наоѓала црквата по име „Ѓурѓова црква“. Можеби во една од овие цркви служел и поп Стојан од Ѕвегор кој заедно со неговиот син Недан, се споменуваат како данокоплаќачи во турскиот попис од 1570-1572година (5,280).

Податоците зборуваат дека сѐ до двомесечната слобода на Пијанец и Кресненско- македонското востание, во Ѕвегор живеело и поголем број христијанско население.

Според Владимир Караманов, кон средината на XIX век во Ѕвегор имало 30 куќи со христијанско население (23,73). Васил Кнчов во деведесетите години на XIX век не бележи христијанско население во тоа село.

Денес ѕвегорци имаат манастир над селото „Св.Илија“, а градат и голема црква во селото, „Св.Јован“. На Илинден им е селскиот собор на кој се пречекуваат гости  дома, а на Петковден имаат собор со курбан, музика и оро кај манастирот над селото.



**Манастирот „Св.Илија“ во Ѕвегор, наследник на многу старата Илина црква во тоа село.**

**Илиово**

Со истражувањата од Археолошкиот музеј на Македонија во 1969 година во месноста Црквиште, кај Боришјето на дениот брег на Брегалница во Илиово, откриени се остатоци од средновековна црква со некропола. Таа црква потекнува од втората половина на XIV век или раниот XV век. Има големина од 12,75 x 6,55 метри. Ѕидовите биле градени од камен и кал. Корабниот под бил целиот поплочен со тули 0,48 x 0,30 метри, а ѕидовите од внатре биле живописани (2,1-3).

Можеби во таа црква работел и поп Миле кој во турскиот попис од 1570 година е регистриран како жител на селото Илиово (5,287).

Според Илија Велев (24,89) црквата „Св.Илија“ на Брегалница во 1347 година била приложена на Лесновскиот манастир, а нешто подоцна на манастирот „Хилендар“ на Света Гора. Тој датира од XIV или XV век. Мислиме дека се работи за истата црква откриена кај Црквиште во Боришјето. Тоа е единствената локација на црква во Делчевско која е истражена со откопување на нејзините остатоци.

Интересно е да се истражи како се нашла таа црква во кањонот на Брегалница со малку пристапни патишта до неа.



**Остатоци од црквата кај Боришјето во Илиово која потекнува од XIV или  XV век**

**Разловци**

Иако Разловци е планинско село во кое нема многу плодна земја за обработка, сепак, во атарот на тоа село постоеле повеќе цркви во минатото.

На 2 километри јужно од селото, кај месноста Гробишта, се регистрирани остатоци од ранохристијанска црквичка (1,31).

Димитар Узунски во монографијата за Разловци има регистрирано 5 цркви кои во минатото постоеле во атарот на тоа село. Црквата „Св. Никола“ се наоѓала во месноста Селото. Во Селиште, над десната страна на Брегалница имало црква „Св.Илија“. Во Рајанец постоела црква „Св.Богородица“, а имало цркви и во месноста Клинчовица и Олшан Град (7,87).

Според легендата која е забележана и од Јордан Иванов и Јеремија Павловиќ, во месноста Светата вода во атарот на Разловци постоела испосничка ќелија на браќата Кирил и Методиј. Во таа ќелија Кирил живеел испоснички живот и преведувал грчки црковни книги на словенски јазик (16,30).

Во последно време интензивно се трага по местото Равен на Брегалница, каде работеле и создавале солунските браќа и од каде го ширеле христијанството. За тоа место се посочуваат повеќе локации по течението на Брегалница, но останува науката да утврди, каде точно се наоѓал градот Равен на Брегалница.



**Црквата „Св. цар Константин и царица Елена“, Разловци, од средината на XIX век**

Денеска во Разловци во функција е црквата „Св. цар Константин и царица Елена“. Според претпоставката на стручњаците, црквата е градена кон средината на XIX век. Тоа може да е точно, затоа што и други цркви во Пијанец во тоа време се градени или обновувани. Како потврда на таа претпоставка е и тоа што иконостасот во црквата е сликан 1859 година. Фрескодекорацијата ја работел зографот Васил (Василаки), син на поп Георгија, зограф од Струмица (3,186). Тој во 1860 година ги насликал и иконостасните икони во црквата „Св.Мина“ во Ќустендил (17,306).

Како што стои и во фрескоживописот, ктитори на црквата се поп Стојан кој бил и главен иницијатор и организатор на нејзината изградба, Стоил Ковач, Стоил Ѓоргов и Цоне Спасов.

Од историјата е познато дека поп Стојан, покрај неговиот зет Димитар Беровски, е еден од главните организатори на Разловечкото востание од 1878 година.

Најверојатно, за да нема последици од неговото учество во Востанието, неговиот лик во фреско-декорацијата на црквата бил покриен со вар и пепел. Ликот на поп Стојан е откриен дури по сто години, кога во 1976 година е славена стогодишнината од Разловечкото востание.

Малата камбанарија на црквата е изработена во Неврокоп, а поголемата е лиена во Разловци. На двете камбанарии е забележана годината 1909 (7,95).

Разловци е село со бунтовен карактер, па и поголем број попови од тоа село страдале од туѓите режими.

Денес разловчани се гордеат со својата голема, убава и црква со славно минато. Црковните обреди се одржуваат кај селската црква, а селскиот собор е на празникот на Свети цар Константин и царица Елена.



**Ктиторите на црквата во Разловци се и историски личности**

**Стар Истевник**

Според Археолошката карта на Македонија во атарот на селото Стар Истевник се регистрирани остатоци од две ранохристијански цркви. Остатоците од ранохристијанската црква се наоѓаат во месноста Ѓурова Црква со димензии 12 х 6 метри и во месноста Грамаѓе, на 100 метри лево од патот Делчево – Пехчево (1,131). До скоро истевничани на Ѓурѓовден се собираа на црква кај Ѓурова Црква.

Сегашната црква „Св.Никола“ е продолжена 1864 година (37,306). Ѕидовите на црквата се од кршен камен, а аглите од делкан камен. Истевничката црква е трикорабна и во неа не се утврдени траги на живопис. Григориј Пецанов од Струмица е автор на сликаниот иконостас со околу 45 икони (3,189).

На јужната страна од внатрешноста на црквата е забележа датум 1892 година. Може да се прифати како точна претпоставката на стручните лица од Републичкиот завод за заштита на споменициите на културата дека тој датум е поврзан со некоја поправка на црквата, затоа што и црквата во Истевник била опустошена по двомесечната слобода на Пијанец од 1878 година (10,316).



**Црквата „Св.Никола“, Стар Истевник**

Интересно е што со турскиот попис од 1570 година, иако Истевник е најголема населба во Брегалничкиот Пијанец, со 161 христијанско семејство и 130 неженети, не е регистриран поп, ниту попско семејство.

Во тој попис,  покрај Стемник (Истевник) е регистрирано и село Горна Црквеница. Подоцна тоа село е познато и како Горни Црквинец. Преданието кажува дека во него континуирано живеел и работел попски род.

Предмет на истражување може да биде фактот што две села кои територијално не се едно до друго, носеле имиња Горни и Долни Црквиниц.  Долни Црквинец е  денешното село Црквинец кај Делчево. Обично такви имиња носат села кои се поврзани едно со друго.Тоа наведува на размислувањето дека можеби црквите во тие две села имале посебна улога во црковниот живот во овој регион.

Горни Црквинец е разрушен во 1878 година и денес не постои.

Селскиот собор во селото Истевник е на Свети Атанасие Велики. Гостите се пречекуваат дома. На други верски празници верниците се собираат кај селската црква.



**Иконостасот на Иственичката црква е помеѓу најубавите иконостаси во црквите од Делчевско**

## Вирче

Во атарот на село Вирче, во Археолошката карта на Македонија се забележани две ранохристијански цркви. Едната се наоѓала од источната страна на локалитетот Градиште, со димензии 20 x 30 метри, а другата на 2,5 километри северно од селото, покрај патот Вирче – Град, во месноста Свети Врач (1,124).

Најверојатно, црквата во Вирче била во функција и во 1876 година, кога турските власти ги испратиле виречките попови, поп Ѓорѓи Миленков и поп Атанас Стоилов, да ги смируваат побунетите разловчани во времето на Разловечкото востание (15,22). Тие двајца заедно со поп Димитар Виречки, во 1878 година се нашле како бегалци од Пијанец во Ќустендил (23,112).

Сегашната црква „Св.Никола“ е градена во XIX век. Ктитор на црквата бил Гоце Ангеловиќ. Таа е градена со кршен камен, но други поблиски податоци за црквата нема. Ликот на Христос и двата ангела во протезистот се единствените траги од живописот (3,185).

По 1878 година, како и други цркви во Пијанец, била опустошена и црквата во Вирче (10,316).



**Црквата „Св.Никола“, Вирче, градена во XIX век**

Виречкиот собор е на Спасовден. Гостите се пречекуваат дома, а соборот со музика и оро продолжува на сред село. Во последните години младинците вечерта си приредуваат игранка во селскиот дом.

Виречкиот даб до 1990 година, кога беше запален, имаше 1117 години. Тоа е култно место, каде што вирчани се собираат на Ѓурѓовден и на други верски празници.

Во последните години, кај тој даб е изграден манастир, каде продолжува традицијата на одржување верски обреди.



**Манастирот „Св.Ѓорѓија“ во Вирче, изграден на местото на илјадагодишниот Ѓурѓов даб**

## Чифлик

Падините на Голак, свртени кон исток, полноводни и богати со пасишта, пружале природни услови за постоење човечки живот уште од дамнешни времиња.

Во Археолошката карта на Македонија, на 2 километри јужно од Делчево, се наоѓа месноста Градиштето, каде е зачуван дел од средновековна кула која во 2001 година беше заштитена од понатамошно пропаѓање.

Во повелбата на цар Душан од 1347 година во подножјето на Градиштето се споменува црква „Св.Богородица“ на Брегалница со село и наместие. Таа црква во 1381 година, Константин Дејановиќ ја приложил на Хилендарскиот манастир (24,49).

Денешното село Чифлик порано го носело името Богородичен чифлик. Во турскиот попис од 1570 година се споменува само селото Богородица. Тоа значи дека тие населби се поврзани со името на црквата која постоела таму.

Во Чифлик, во месноста Црквиште имало стара црква на која не ѝ се знае името.

Во месноста Дупката, чифличани порано ги извршувале црковните обреди.

На околу 2 километри југозападно од Кулата, склештено помеѓу два рида до ендек во кој секогаш има вода, има месност Манастирот. И додека на тоа место се гледаат остатоци од градежен материјал. Не е познато од кое време постоел и како се викал тој манастир.

Некои историчари сметаат дека во таа околина се наоѓало и некогашното Василево кое му претходело на Црево Село, денешно Делчево (22,205).



**На 2 километри југозападно од Кулата кај Делчево во месноста Манастирот, покрај кладенец кој никогаш не пресушува, се забележуваат и остатоци од објект.**

**Голак**

Манастири „Св.Пантелејмон“ и „Св.Петка“

Питомоста на планината Голак и богатите пасишта на најзините огранци овозможувале во нејзините пазуви од дамнешни времиња да има човечки живот. Човечкиот живот на тој простор создал на врвот на планината две црковни објекти-манастирот „Св.Пантелејмон“ и црквата „Св.Петка“.

Црковно-народниот собор кај манастирот „Св.Пантелејмон“ е познат како Голачки собор кој на 9 август, на денот на здравјето, се одржувал уште од дамнешни времиња. Тој собор е регионален. На него доаѓале соборјани и од Малешевијата, Кочанско, Виничко, а порано и од Горноџумајско и Ќустендилско. Бидејќи Голак е оддалечен од сите тие места, а тогаш немало пат и соодветни превозни средства како денес, многу од соборјаните доаѓале уште од вечерта. Болните преспивале во манастирот за здравје, повозрасните на ледината покрај него, а младите ноќта ја поминувале со оро и со музика покрај ноќните огнови. Преку денот, соборот продолжувал со музика и оро на повеќе места покрај манастирот и со големи трпези од курбанот и храната што соборјаните си ја носеле од дома.

Голачкиот собор на сличен начин се одржува и денес. Тој го задржал регионалниот карактер.

Во близина на манастирот имало и црква „Св.Петка“



**Така се слави денеска Свети Пантелејмон на Голак**

Освен преданието, за таа црква нема многу пишувани податоци. Преданијата за таа црква го забележал и Антон Попстоилов, роден 1869 година во селото Лешко коешто се наоѓа преку границата кај нашето село Град. Според тоа предание, на врвот Чавка на Голак имало кладенче кое се сметало за лековито и каде доаѓале луѓе од поширокиот регион да се замијат и да се напијат од таа вода за здравје. Покрај кладенчето имало црква „Св.Петка“. На местото кај што била црквата се забележани ќерамиди дебели и до 7 сантиметри. Димитар Катранџиски од селото Град забележал дека на една од пронајдените ќерамиди има со прст запишано бројка „984“. Попстоилов претпоставува дека можеби тоа е годината кога е правена ќерамидата (14,286).

Истите податоци ги забележал и Ѓорче Петров во 1896 година кој вели дека се познавало оти црковниот објект бил обновен (33,188).

Попстоилов го пренесува преданието според кое кога Султанот Мехмед I го потурчил христијанското население во Царево Село, 10-15 семејства од него, за да не бидат потурчени, побегнале и се населиле на Голак (14,286).

Преданието за тоа населување го пренесува и Ѓорче Петров. Но, според него, причината за населувањето на Голак била колерата која „владеела“ во Царево Село (33,188).

Очекуваме дека идни истражувања кои ќе се потпираат и на пишувани извори, а не само на преданието, ќе можат да дадат одговор за црковниот живот на таа планина.

**Бигла**

Бигла е големо село расфрлано на големо пространство. Територијата на селото зафаќа простор од Општина Виница, па скоро до атарот на Делчево.

Кај месноста Крстот во Данјанско Маало, каде што и денеска има камен крст, на десната страна од стариот пат Делчево- Кочани, се зачувани темели од ранохристијанска црква. Таму има градежен материјал во вид на камења, варов малтер и делови од покривни ќерамиди (1,124).

Кај Димчовско Маало имало голема црква од која и сега има купишта од камења и други материјали. Не се знае кога постоела.

Сегашната црква која е градена во 1903 година и го носи името „Св.Ѓеорѓија" е во распаѓање (3,185).

Освен камениот крст кај Данјанци, каде се собират православните верници од блиските маала за извршување црковни бреди. Таков камен крст има и кај Бојчовско Маало кој служи за истата намена за тамошните маала. Едно кладенче во близина на Данјанското Маало кое староседелците го помнат како света вода и од кое намерниците се замивале за здравје, во последно време израснува како црковен објект околу кој се извршуваат црковни обреди.

Селскиот собор посветен на Света Тројца се одржува на Духовден. Соборот го подготвува домаќин или домаќинка. Домаќините на соборот имаат задача да обезбедат курбан, а ако им дозволуваат материјалните можности и музика за оро за соборјаните.

Населението од западниот дел на селото за црковни обреди ја користи селската црква, а од источниот дел на црквата доаѓа во Делчево, бидејќи таму им е поблиску.

**Очипала**

Географската положба на селото, посебно на маалата до Брегалница, овозможила таму да има човечки живот уште од дамнешни времиња. На местото на кое Брегалница влегува во кањонот кон Кочани, на тераса на околу 2 километри од Дуовското Маало, имало добро утврдено Градиште кое датира од доцноантичкото време. Во подножјето на Градиштето се наоѓала ранохристијанска црква и некропола (1,130).

Мештаните во 2002 година, кога го расчистуваат теренот за изградба на нова црква, на местото на ранохристијанската црква открија вредни археолошки предмети кои зборуваа за континуиран црковен живот на тоа место. Можеби на таа локација се наоѓала и средновековната црква „Св.Никола" која е забележана во повелбата на цар Душан од 1347 година, а која истражувачите ја лоцираат „Во Пијанец кај Царево Село"(4,97). Во таа месност има и топоним Светата вода.

Во близина на Малчовско Маало, од левата страна на патот за Драмче, на просторната ледина има поставен камен крст, каде што се собираат верниците од Очипала за верски обреди на христијанските празници.



Крстот во Очипала, каде се собираат православните  верници на христијанските празници

## Габрово

Според Археолошката карта на Македонија, во месноста Скокотот, се наоѓала населба од неолитско време, а градиштето над селото се детерминира од доцноантичко време.(1,225).

Во патописните белешки на Евлија Челеблија кој во 1662 година поминал преку Габрово (Амбарово), како што тој го запишал, е забележано дека во тоа време во селото имало христијанско, но и муслиманско население. За муслиманското население имало џамија покриена со ќерамиди, но без минаре (35).

Христијанското население во тоа село опстојувало долго време. Според податоците на Владимир Караманов, кон средината на XIX век во Габрово имало 19 куќи со христијанско население (23,73).

Во Археолошката карта на Македонија кај месноста Црквиште е забележано дека постоела средновековна црква (1,125).

Денеска габровци на црква одат во Делчево.*

(*дополнување од издавачот: Во селото Габрово во 2005 година е поставен камен-темелник за нова црква која се гради подолг период со средства од иселениците од селото и од донации на мештаните и локалните фирми. Црквата е осветена и официјално пуштена во употреба во 2018 година, а е посветена на светителот Великомаченик Димитрија. На денот кога православните верници го празнуваат Свети Димитрија, познат меѓу народот, како Митровден, на 8 ноември, во селото покрај црквата се одржува црковно-народен собор.)

**Косово Дабје**

Иако е тоа мало село составено од неколку маала кои во најголем број се иселени, во минатото и на тој простор имало повеќе населби. Во една од тие маала и денеска се гледаат остатоци од рушевини на објекти. Во Археолошката карта на Македонија е забележано дека во Косово Дабје во месноста Дрндовица има остатоци од ранохристијанска црква (1,129).

Според преданието, кај месноста Дренот имало манастир, но не се знае кога постоел. И денеска таму се гледаат остатоци од ѕидини.

72.

**Нов Истевеник**

До  XX век Стар Истевник и Нов Истевник биле едно село под исто име Истевник.

Сегашната црква во Нов Истевник „Св. Атанасие Велики“, започнала да се гради во 1919 година, а е завршена во 1931 година (3,186).

Иконостасот го сликал беровецот Гаврил Атанасов во 1931 година, со тоа што иконата на арх. Михаил ја насликал на северната врата во 1926 година, додека на арх. Гаврил на јужната врата во 1930 година. Празничната икона на Богородица му се припишува на Глигориј Пецанов (3,186).

Селскиот собор е на празникот на црквата Атанасовден. Курбан се дава на црковниот собор на Илинден. И на други верски празници, за црковни обреди верниците се собираат кај црквата.

73.



**Црквата „Св. Атанасие Велики“ во Нов Истевник, од првата половина на  XIX век**

**Христијански собори и собири**

Прославата на христијанските празници е поврзана со црквите и манастирите.

Во местата, каде што има цркви и манастири, на денот на светецот чиешто име го носат или на друг голем христијански празник, се одржуваат црковно-народни собори. Тие собори се одржуваат еднаш годишно и се познати како собори на тоа населено место. По својата форма се разновидни.

Најмасовен и од регионален карактер е Голачкиот собор кој се одржува вечерта спроти празникот св.Панталејмон на планината Голак.

Сличен на Голачкиот е соборот кој на Пресвета Богородица – Голема Богородица се одржува кај Светата Вода, помеѓу атарот на Разловци и Нов Истевник. Порано на тој собор доаѓале соборјани од Малешевијата и од поширокиот регион. Бидејќи соборот се одржувал само еден ден, за да можат да стигнат соборјаните навреме и да се вратат навреме, тие доаѓале со коњи и магариња. Поголем број од присутните на соборот, за здравје, се замивале или си носеле дома вода од чешмата која се сметала за света вода. На тоа место оставале и дарови. И во други денови во текот на годината, таму оделе луѓе да се замиваат за здравје. Присутните на соборот за ручек си носеле храна од дома. До вечерта соборот поминувал со оро и песни од овој крај.

Иако на ова место не се забележани остатоци од црква или манастир, одржувањето на овој собор е поврзано со легендата, според која, во тоа место Свети Кирил имал испосничка ќелија во која преведувал од грчки, црковни книги на словенски јазик.

75.



**На Водици во Делчево**

**76.**

Вториот вид собори посветени на православните христијански празници во Делчевско се одржуваат во селата од збиен тип. Во тие села, денот на патронот на црквата или манастирот е празник на целото село. Секое домаќинство во селото, се подготвува за пречекување на гостите. На гости доаѓаат роднини и пријатели од други места. На визитата по куќите која трае до ручек, покрај роднините и пријателите, можат да дојдат и непознати за домаќините, но и тие се добредојдени. Домаќинот за тој ден приготвува еден вид курбан, затоа што коле јагне или овца од кои се подготвува ручекот за гостите кои не се роднини, а и непознати за домаќините. По завршувањето на ручекот, домаќините и гостите заедно излегуваат на мегдан во сретсело, каде што се игра и пее до вечерта. По изградбата на селските домови по тие места, младинците соборниот ден го продолжуваат со игранка во селскиот дом.

Во селата од разбиен тип, каде што селото е разделено по маала кои се оддалечени едни од други, селските христијански собори се организираат на поинаков начин. Во тие села можат блиски роднини да доаѓаат на гости, па и да преспијат кај домаќините. Некои можат да наминат за да се видат со роднините кои нема да одат на соборот. Но, главната прослава се одвивала во соборното место околу црквата, манастирот или друго соборно место на кое традиционално се одржуваат соборите посветени на христијанските празници.

По желба, присутните на соборот можат да влезат во црквата или манастирот, да запалат свеќа за здравје, а можат да остават и дарови, како кошула, чорапи, пешкир и сл. Тие дарови се продаваат на присутните на соборот и парите се собираат за црквата во селото.

77.



**Од прославата на „Св. Архангел Михаил“ во Драмче – се чека на заедничкиот ручек**

Повеќето дародавци, за здравје, среќа и бериќет, даруваат по едно или повеќе тавчиња-јагниња или овци за курбан на соборот. Од искуство, организаторите на соборот знаат во колку казани треба да зготват ручек- курбан, за да има за сите што ќе сакаат да се послужат со него. При послужувањето кој сака може да остави и некоја пара, која е како приход за црквата. Ручекот се извршува на задничка трпеза, на која најблиските и пријателите седнуваат на едно место. Освен курбанот, другата храна и пијалоците, соборјаните си ги носат од дома. Порано сета таа храна беше од производите на домаќините, а во последно време на тие собори можат да се купат и производи од угостителски дуќани на самото место на соборот.

Во некои села има обичај во текот на ручекот, по слободна волја, да се пријавуваат еден или повеќе доброволци кои се определуваат како домаќини за соборот во наредната година. Нивната задача е да се грижат за целокупната организација на соборот во идната година. Некои од тие собори завршуваат со ручекот, а некои продолжуваат со ора и песни.

Во неколку села под Делчево, православните христијански празници се прославуваат покрај камени крстови поставени за црковни обреди. Таа прослава е иста како прославите кои на христијанските празници се извршуваат покрај црквите и манастирите. Во селата Бигла, Селник и Драмче, покрај тоа што има цркви, на средината на селото има и камени крстови, околу кои се прославуваат повеќе христијански празници. Такви прослави на христијанските празници се прават и околу камените крстови во селата Киселица, Очипала и во некои маала во Бигла. Во селото Црквенец порано имаше камени крстови на две места, но сега кај нив не се прават собори по повод некој христијански празник.

79.



**Со наддавање се продаваат подарените дарови на манастирот**

**80.**

Некои од прославите на христијанските празници, покрај камените крстови, се со музика и оро, а некои само со заеднички ручек, за кој се носи храна од дома. Некои се со курбан, а некои само со храната што се подготвува дома.

Во Делчевско има голема традиција за прослава на христијанските празници со ручек познат како курбан. За селските собори, осветени на поголемите христијански празници, како што се Илинден, Ѓурѓовден, Митровден, Петковден и други, курбанот се обезбедува од граѓаните кои го даруваат за здравје. Ако тој празник не е годишен празник во селото, се коле курбан во организација на црковниот одбор на селото. Бравчињата за курбанот се откупуваат. Од нив се готви заеднички ручек и секој си го наплаќа делот што ќе го земе за ручек. Другата храна и пијалоци се носат од дома. Има обичај на заедничката трпеза, мажите да седат одвоено од жените. Во таков случај секоја домаќинка си простира пешкирче пред мажот од тоа семејство на кое тој си ја собира храната што му ја раздаваат жените од таа трпеза. Секоја жена што носи храна од дома, како погача, баница, пченица, колачи или овошје им раздава на другите на заедничката трпеза на која е заедничкиот ручек.

Обично, ако празникот не се совпаѓа со селскиот собор, тој се организира само за селаните од тоа село и нивните семејства и завршува со заеднички ручек. Некои од христијанските празници се одбележуваат без курбан, а само со заедничка трпеза на присутните од селото.

За одбележување е прославата на празникот Ѓурѓовден. На тој празник имаше обичај, секое домаќинство кое чува стока на тој ден да пече јагне или целото јагне да го носи на заедничката трпеза, на прославата на селото. Прво на трпезата ќе се послужуваат присутните, а тоа што ќе остане се носи дома да се послужат и тие што не биле на заедничката трпеза.

81.



**Од курбанот има за сите што сакаат да се послужат од него**

**82.**

Ако на соборот богослужи поп, тогаш нему му била давана по една плешка од секое јагне и по едно големо парче од погачата. Таква прослава имало кај Ѓургова црква во Црквинец и Истевник, Ѓурѓово дабје во Драмче, Ѓуров даб во Вирче и други. Во последно време, овој обичај не се практикува многу.

Порано, два дена за Велигден кај Крстот во Киселица се одржуваше голем велигденски собор. Главна содржина на соборот беше борењето велигденски јајца. Тоа јајце што ќе се скрши од друго, останува во сопственост на сопственикот на јајцето што го скршило. Тие соборјани што ќе ги избореа своите велигденски јајца, стануваа сеирџии во борбите што се одвиваа на повеќе места. Скршените јајца служеа за храна на соборјаните. Денеска таа традиција е прекината.

Соборите и соборните прослави на христијанските празници во овој крај имале големо значење не само за црковниот, туку за целокупниот живот на православното население од ова подрачје. Преку црковните обреди бил искажуван односот кон Бога и светците, молба за милост и здравје, среќа и бериќет. Но, тие собори биле и место, каде што можеле да се сретнат блиските, роднините и пријателите, да си разменат мислења, да се пофалат или пожалат од некои состојби во животот и да побараат совети едни од други. На тие собори се среќавале и запознавале младите, играле и пееле, а имале можност и да ги бираат идните свои животни сопатници.

Покрај носијата, орото, песната и обичаите, ова население го изразувало и зачувувало својот христијански и етнички карактер, својата традиција.

83.



**На заедничката трпеза на роднини и пријатели,  има од сè по нешто**

**Summary**

On the Archeological map of Macedonia on the territory of Delcevo municipality twelve Christian churches were registered, that originale from the 5th or 6th centry.Those were small-size churches of 12 x 7 meters, located near villiages, beside springs with water.The number of those churches tells us for the large spreading of the early Christianty in these areas.

There is not any information of how the Slaves accepted the Christianity after their immigration.At that time according to a legend, near a holy water,which is between the villages Razlovci and Nov Istevnik there was an anchoretic cell that belonged to Cyril and Metodi, whwre (document) of Vasil the 2 nd, published in 1019 by the Ohrid Archiepiscopy, there are facts about the area of Pijanec.

In the charter (document) of tsar Dusan in 1347, who gave churches and church properties to Zletovo episcopacy, many churches were mentioned, St.Bogorodica on Bregalnica, St.Ilija in Iliovo,St.Georgija in Grad and St.Nikola near Carevo selo (Delcevo). The name “crkovnici” is mentioned and that refers to the village CrkvenecIn the document of Constantie Dejanovil of 1381, the church St.Nikola in Kiselica, is mentioned which dates from the beginning of the 14 th.

Basides facts that we know, this church was restored on the basis of the time church, but today they do not exist.

Specific information about the church life in the Macedonian part of Pijanec of the 16 th centry, can be found our from the Turkish of 1570-72.In these files, the popole registered,who paid to the Turkish State were the priests families and the priests themselves from the villages Iliovo, Selnik, Zvegor anf Grad. That could meanthat at that time in these villages there and worked Christian churches.According to the historic data, before the year 1878, in the area of nowadays Delcevo municipality there were churches in Carevo Selo,Istevnik,Razlovci, Virce, Grad, Dramce, Selnik and Dolni Crkvinec (the village Crkvenec today).

After the two-month freedom of Pijanec, by the Turkish rule in 1878 and Kresna-devastated and robbed, in Grad and Dolni Crkvinec were even wrecked anf for Dramce and Selnik there is no information.Some of those churches renovated at the end of the 19th centry and the beginning of the 20th centry.

From the information that we have, it can be concluded that nowadays in the region of Delcevo mulitcipality, the oldes and the most picturesque is the church in Selnik, a village near Delcevo.People represent the church in Razlovci from the history.The church in Nov Iatevnik has most holy images.With constant and rich church life, up to the time when it destroyed in 1878, is the church in the village Grad.

Are the most richest church buildings is the village Crkvinec.The monastery St.Pantelejmon in Golak,dates from the early times.The monastery St.Bogorodica – Balaklija,which restored in 1999, is reckoned,that it is continuation of women,s monastery, which was supposed to be open in the second half of the 19 th centry.There are monasteries and material remainders of buildings in the area of the mountain Ostrec and about 2 km.South west of Kula near Delcevo, but there is not any information about them.The Macedonian population from this area think that the aprings that are situated near the monastery St.pantelejmon on Golak,those below the monastery near Ostrec and the holy spring near Razlovci are holy.

Beside the churches and monasteries around which rituals are held on the Christian holidays,in 6 villages in Delcevo, on 7 places holy crosses were placed around which Christian rituals are performed.Those crosses thought to be church objects by the local Christian population. On the area of Delcevo municipality, special attention id paid, whenever there was a springs with water and the crosses.

All those celebrations in the villages, in the area, huge crowds of people gathered and usually thers was music, folk dancing, lots of food or without those, but still there was a celebration. Sometimes when there is Christian holiday, people bring gifts and donated them to the church,things like shirts, towels and many other things.

The tradition of these different Christian meetings in the area even today.

86.

**Сведоштва**

**Библиографски податоци**

**87.**

**СЕЌАВАЊА**

**На Драган Арсовски**

**БЕЛЕШКИ ЗА ЦАРЕВОСЕЛЦИ**

Пред триесетина години имав обичај понекогаш да седам со пензионерите во Делчево кои беа родени околу 1900 година, а некои и порано. На клупите пред стоковната куќа и на други пригодни места, разговарав со нив за минатото на Царево Село. Во разговорите со нив дознав дека поголем дел од занаетчиите и трговците на Царево Село помеѓу двете светски војни, потекнувале од семејства кои не се староседелци во Царево Село, сегашно Делчево, туку дека се дојдени од друг места во Македонија. Тогаш си поставував прашање, каде отишле старите староседелци, занаетчии, трговци и интелектуалци. На нивно место придошле други луѓе кои се занимавале со тие професии. Одговорот го најдов, кога подобро ја проучив двомесечната слобода на Пијанец од османлиското владеење во 1878 година. По тој настан плашаејќи се од одмазда од турската власт и башибузуците, христијанското население од Царево Село и од поблиските села, масовно побегнало преку демаркациската линија на територијата на соседна Бугарија, која тогаш била под управа на руската војска.

Само од Царевоселско побегнале над 700 лица. Побегнале најимотните, сите што биле замешани и поврзани со 64- дневната слобода на Пијанец, голем број од занаетчиите, трговците и свештениците. На нивните имоти и во нивните куќи се доселиле Турци и Помаци од Бугарија кои бегале пред ослободителните сили на Бугарија. Тогаш било населено Царевоселското Маџир Маало или во поново време Трети Реон. Според сеќавањата на постарите, поголемиот дел од маџирмаалци биле доселени од Пелатиково во Бугарија. На места на побегнатото христијанско население се доселиле Турци и Помаци (потурчени христијани) од Бугарија. Но, за тоа немам доволно подаоци. Присилната миграција на христијанското население од нашиот крај кон Бугарија, не е доволно обработена.

По двомесечната слобода на Пијанец од 1878 година, постепено во Царево Село започнале да се доселуваат луѓе од селата кои започнале да се занимаваат со разни занаети и со трговија. Тие доселеници ги заземале местата на побегнатите царевоселци по двомесечната слобода на Пијанец.

Помеѓу двете светски војни имало неколку семејства кои држеле занаетчиски дуќани и се занимавале со трговија. Тука ќе бидат споменати имињата на повидните семејства кои се занимавале со занаетчиство, трговија и угостителство во тоа време во Царево Село и местото од каде што се доселиле тука.

**Од Вирче**

Од Вирче во Царево Село се доселиле Мајсторчевите кои се занимавале со трговија. Дедо му на Брицо, Мите, се занимавал со грнчарство, а татко му Зафир со берберство. Според податоците од постарите во Вирче, се дојдени и Мавродиевите и семејството на Спиро Иќин кое држело кафеана и Котевите.

**Од Град**

Меѓу двете војни познат трговец во Царево Село бил Јованчо Икономов чие семејство е дојдено од Лешница во Град, а од таму во Царево Село. Според кажувањата на постарите, Јованчо бил многу почитуван, затоа што услужувал секого, на секого давал вересија, но и никој не му останувал должен. Од Град дошле и Ралупци кои се занимавале со терзиство и самарџиство. Од Град е и Коста Сребров,тенеќеџијата и Каменарот кој имал голем имот околу Царево Село.

Од Горни Црквенец, село кое сега не постои, а се наоѓало помеѓу Стар Истевник и Вирче, се дојдени Арсовите, семејството на учителот Санде.

Од Истевник се семејството на Димитровите и на Ванко Берберинот.

Од Тработивиште се дојдени семејствата на Гоге Мечката, шивач. Од таму дошле и Белогасци, Љубен сликарот и други кои веќе не живеат тука.

Во Царево Село познати трговци биле Чимевите кои се дојдени од Илиово и Миленковите, дојдени од Трстија.

Од Киселица се семејствата Киселички и Реичките.

Од Косово Дабје-Шопјето се Димитровски Ристо, татко на Љаљата,  Димитровски Лесо, службенот на осмолетката, татко на Слободан ветеринарниот лекар и Димитровски Стојан, фурнаџија, татко на Никола Тркалето.

Од Грлана се Грланци, а од Ватрен се Жабите и Цоневите на Блаже и Ванчо Судијата. Најмногу доселени има  од Биглата, Шајтањето, Уџусци, Стојан Берберино, Јосифови, Веселинови, Гулаците, Ињо Васков, фурнаџија и други.

Доселени од Западна Македонија се слаткарите Филипови и Дамјанови. Од таму се доселени и Такевите и Симионовите кои држеле воденица на Габровчица.

Сугаревите и Симичовите, по кажување се дојдени од Буарија.

Николачко Чорбаџиски имал голем имот, земја, бавчи на кои имал и работници. Од него е Маца Чорбаџика, мајка на шахистот Павле Видев и на Мирослав кој отишол по Америка.

Јован Мухтијата, богат царевоселец кој имал две ќерки кои се омажиле во Сугаревите и Киселички.

Каменарот, богат царевоселец со голем имот на кој се наследници семејството на д-р Тренчев.

Стамболисци, поекнуваат од Стамболискиот рид од Црквенец. Стамболиски Иванчо  бил многу актвен во двомесечната слобода на Пијанец, а потоа како бегалец бил џандар во Ќустендил.

По двомесечната слобода на Пијанец, скоро сите попови од Царево Село се нашле на служба во Ќустендилско, а некои и како учители.

**С Е Ќ А В А Њ Е**

**На Начев Атанасов- Воин од село Ѕвегор, за помошта на пиринските партизани во 1943 г. во нивното маало во планината Луко Врх. Сеќавањето го дал во с.Ѕвегор на 20 ноември 1979 г.**

Од нашето село порано седум куќи живеевме во планината Луко Врх на границата кон Бугарија. Неколку дена пред празникот Никулден, декември 1943 г., во нашето маало дојдоа 9 души партизани од Пиринска Македонија, меѓу нив имаше и една жена. Се задржаа три дена во нашето маало, а потоа за десетина дена навраќаа уште три пати. Партизаните од нас бараа брашно кое ни го наплатија по 12 лева за килограм. Ние од маалото им собравме 300 кила брашно. Им дадовме и чорапи, а мојата жена ѝ ги опра алиштата на партизанката. Кога си тргнаа, нивниот старешина Арсен Пандурски кој беше роден во село Бучин, Пиринска Македонија, нѐ собра сите од малото и ни зборуваше дека тие не се како некогашните комити, туку сѐ што ќе им се даде ќе го платат. Дека тие се борат за слободата, за поарен живот. Дека треба да причекаме до пролетта и ќе се увериме дека таа власт ќе се смени. Ни рече да не кажуваме на никого дека тие доаѓале кај нас. Си заминаа со три коњи од маалото на кои го качија брашното. По неколку дена коњите се вратија сами. Блажо Мијалов од нашето маало бил на слава на Свети Никола кај неговиот шура во село Ваклинци во Бугарија и му се пофалил на шурата во поднапиена состојба дека во нашето маало доаѓале партизани. Шура му веднаш ја запознал полицијата. Бидејќи ние го дадовме сето брашно на партизаните, а идеше зима, отидовме тројца, меѓу нас беше и Блажо Мијалов, на воденица во село Црварица. Враќајќи се, на патот нѐ дочека бугарска полиција и веднаш бараа да кажеме дали во маалото доаѓале шумкари. Бидејќи сите одбивме да признаеме, тие нѐ тепаа. Кога стигнавме дома разбравме дека мојот измеќар и некои други, кога ги сардисале и тепале, кажале дека имало партизани. Веднаш нѐ затворија и нѐ испитуваа долго.

Подоцна разбравме дека тие партизани направиле бункер во село Лаштан, зад границата, поточно зад нашето село Вирче. Во зимата 1944 година, прво, ги опколила полицијата во букнерот, но тие успеале да побегнат. Но, потоа, кога една вечер ноќевале во една плевна на тетка ѝ на партизанката, нејзиниот син кој се вратил од војска, без да ѝ каже на мајка си, ги пријавил во полиција и веднаш биле убиени.Тоа беше некаде во март во селото Лисија.

## С Е Ќ А В А Њ А

**На Будимир Димитровски и Панчо Витанов од с.Габрово за НОВ во селото од 1941-1945 година. Сеќавањето го дале на 19 август 1979г. во село Габрово.**

Во времето на бугарската окупација, бугарските власти вршеле реквизиција и им земаа на селаните жито, волна, месо и друго и колку имаа и колку немаа. Особено страдаа послабите што немаше кој да ги заштити. За цело време на бугарската окупација, кмет во нашето село беше Ѓорѓи Тасев од Делчево. Народот беше незадоволен, но немаше што да прави.

Некое организирано движење против бугарската окупација во времето од 1941 до 1944 г. во нашето село немаше. Во 1943 и 1944 година во Златанското Маало од нашето село, почесто навраќаа партизаните од Пиринска Македонија и нашето население од тоа маало имаше храна, облека и сл. Бугарската полиција беше разбрала за тие посети и го тепаше населението, бараше да признае за посетите, но тие не признаваа ништо.

Во нашето село во тоа време најголем број од населението беше муслиманско и бугарските власти имаа посебно лош однос кон нив. Во 1943, 1944 г. во селото се слушаше за партизански движења кај населението, но тоа немаше можност директно да се вклучи во тоа движење. Имаше големи симпатии од населението спрема НОД и омраза према бугарската окупација.

По капитулацијата на Бугарија по 9 септември 1944 г. во селото дојдоа првите активисти на новата власт. Некаде околу 15 септември 1944 г. се формира првиот народно-ослободителен одбор, во кој за претседател беше избран Абдул Ќеманов, а за членови Амдија Големинов, Алија Афазов, Смаил Арев и др. Во тие месеци се формирани и Народниот фронт, младинската организација, АФЖ. Партиска ќелија е формирана во првите месеци на 1945 г. По сѐ изгледа, прв секретар на партиската ќелија беше Усо Пантевски. Во селото, тогаш имаше само неколку христијански куќи и тие живееја во планините. Па, затоа и во тие раководства најголем број беа муслимани кои сега живеат во Турција.

Народно –ослободителниот одбор вршеше мобилизација на војската, собираше храна и облека за единиците на Народноослободителната војска, држеше ред во селото и сл.

Заднинската милиција која имаше за задача да ги спроведува задачите на народната власт и да го гони контрабанот, односно незадоволното пренесување и препродавање од Бугарија тука, на сол, газје и слично. Беше  наоружана и во неа од селото беа Мемедалија Сулиманов, Емруш Ипчовски, Алија Кацарски, Ибраим Вчков и други.

Народот со задоволство ја помагаше новата власт. Во 1945 г. во селото шест месеци престојуваше една цела единица на Народно-ослободителната војска на Југославија. Целото село го помагаше тој престој. Ванѓа Димитрова без никаков надомест ги переше војниците. Таа ги переше со свински сапун, а булите не переа и не фаќаа таков сапун.

Во првите месеци на 1945 година, па и подоцна, нормално фукционираа сите политички организации во селото.

94.

**С Е Ќ А В А Њ Е**

**На Борис Петковски од Нов Истевник за НОД во Нов Истевник од 1941 до 1945 година. Сеќавањето го дал на 20 јули 1979 г. во Нов Истевник.**

Од 1941 година, кога дојде бугарската окупација во селото беа кметови луѓе од селото и тоа Ефтим Бориша, Атанас Дончев и Ристо Шарков. Иако беше лоша бугарската власт, населението не виде ништо лошо од кметовите. Во времето од 1941 до 1944 година во селото немаше партиска ни скоевска организација, ниту јас знам дека доаѓал некој активист на НОД. За партизанското движење ние слушнавме нешто поконкретно во февруари 1944 г. кога партизанските единици поминаа и водеа борба кај Пеклани и Лаки, Виничко. Уште појасна стана работата во мај, кога партизаните поминаа низ Разловци и кога водеа борби на Обозна. Од тоа време веќе отворено народот почна да дава поддршка на НОД.

На 6 септември 1944 г. во нашето село дојде активист Димчо кој е родум од Кратово и формиравме месен народно-ослободителен одбор во кој за секретар бев избран јас, Борис Петковски, за претседател Никола Цеков, а за членови Атанас Дончов, Петар Аралампиев и Никола Џабирски. Одборот доби задача да мобилизира војници за НОБ, да собира храна и облека за партизаните. Бидејќи близу до нашето село се наоѓаше главнината на партизанската единица, од нашиот одбор се тражеше голема помош. Кога се формира одборот излегоа и првите доброволци во партизани од нашето село.

Првата партиска ќелија ја оформи Мицко Димевски од Прилеп и во неа влеговме: за секретар, јас, а членови беа Никола Ников и Димитар Ников и подоцна се проширувавме. Кога формиравме партиска организација и нè примја за партијци, јас реков дека не ми е многу јасна работата и задачите на партијата, но ќе работам колку можам. Во нашето село немаше учени луѓе.

Во тие денови се формираше и народниот фронт во кој претседател беше Никола Николов. Членови во одборот беа Јордан Манов, Димитар Иванов и др. Скоевска, младинска и АФЖ се формираше подоцна, некаде во 1945 година.

При повлекувањето на Германците од Берово, на 14 октомври минаа низ нашето село. На тој ден, едни наши селани ограбија еден германски камион на реката Желевица на Гилева  Чука. Од него земаа воена опрема, гуми и сл. Приквечерината, група партизани од нашето село, на Ѓурковец ги нападнаа Германците при што загинаа и партизани и Германци. Наредниот ден на 15 октомври, Германците го запалија нашето село. Го запалија Курачко Маало и убија девет луѓе од тоа маало и двајца од Балабанско Маало. Изгореа 30 куќи. Ако не побегневме, ќе нè убиеја сите до еден. Следните денови, Германците го запоседнаа Тработивиште. Па, потоа во борбите со партизаните и командата на местото, се повлекоа спрема Голак, а другиот дел од десната страна на Брегалница.

По формирањето на првиот народно-ослободителен одбор и на политичките организации во селото, народот од селото, со сѐ што можеше ја помагаше народната власт и движењето. Тој народ сфати дека тоа е негова власт и дека нема повеќе други да ја управуваат и угнетуваат, па затоа и толку агилно работеше.

По 1945 г. јас бев делегат на Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија, како претставник на земјоделците кое се одржа во јануари во Скопје. Таму се расправаше за важни работи од понатамошиот живот на нашата земја и Република.

**С Е Ќ А В А Њ Е**

**На Панчо Малчов за НОД од 1941 до 1945 година во село Очипала. Сеќавањето е дадено на 30 август 1979 г. во село Габрово**

За време на бугарската окупација, нашето село Очипала беше заедно со селото Киселица. Кметски наместник и за двете села беше Ѓорѓи Симев од Делчево кој се однесуваше лошо кон населението. Ги прифаќаше поткажувањата на некои нивни привразаници и ги пренесуваше до општинските власти кои потоа ги измачуваа селаните.

Како што е познато за време на окупацијата, бугарските власти отпочнаа да ја градат пругата Кочани-Џумајата која поминуваше и преку нашата општина. Бидејќи нашето село беше најблиску до бараките, каде што беа сместени работниците кои работеа на изградба на тунелите на пругата покрај Брегалница, ме земаа и мене на работа. Се сеќавам дека на тунелите работеа околу дваесетина души од Радомир, Бугарија кои отворено збируваа против тогашните власти, а говореа и дека на власт ќе дојде Ѓорѓи Димитров, зборуваа за Славчо Трнски и др. Дури и од раководството имаше луѓе кои беа против тогашната бугарска власт. Во 1943 година од тука дигнаа околу 15 души кои беа дојдени од Радомир и ги затворија во Бугарија.

По повлекувањето на Бугарите по 9 септември 1944 г. нашето село го запоседнаа Германците. Тие се утврдија во тунелите, односно во тунелите им беа магацините, а во нашите куќи им беше кујната. Еднаш, кога отидов со стоката покрај Брегалница, Германците ме фатија и ме натераа да им лупам компири. Откако ја завршив работата, ме затворија во еден тунел. Се исплашив дека ќе ме убијат, а во темнината, подоцна, едвај, успеав да побегнам. Во тоа време, покрај границата почнаа да се движат војските на фронтовска Бугарија и тие требаше да се борат против Германците. Еден ден одејќи во извидница, во нашата куќа, влегоа луѓе во цивилка и тука се најдоа со Германците. Бидејќи тоа  беа непознати луѓе за Германците кои беа отседнале во нашата куќа, ние објаснивме дека тоа се браќа на татко ми кои дошле по некоја работа, односно да однесат две качиња. И, навистина , откако извидувачите си ја завршија работата им дадовме две качиња да ги однесат во соседното маало, за да не се посомнева никој.

Откако бугарската војска се приближи кон нашето маало, јас избегав и им кажав каде се германските утврдувања. Тоа го слушна и еден цивил кој беше заедно со бугарските војници. Мене поручникот не ме послуша и набргу Германците отворија голем оган и загинаа десетина бугарски војници. Откако помина сè, цивилот го викна поручникот, му се караше и го разоружа.

Околу 8 и 9 септември се формира првиот народно-ослободителен одбор во Очипала. Прв претседател беше Стојан Иванов од Очипала. Во одборот беа и Митко Димитровски и Мите

Лисичаро и др. Народен фронт се формира во почетокот на 1945 г. но, кои беа во раководството, не се сеќавам. Се формира и СКОЈ во кој секретар беше Ќиро Васев.

Првата партиска ќелија за селата Киселица, Ветрен и Селник се формира во април 1945 г.На 2 април 1945 г. Со формирањето на ќелијата во трите села, јас бев поставен за секретар на партиската ќелија. Членови беа Јордан Малчов, Итко Николов, Ѓорги Сланчов, Ефрем Иванов. По враќањето од војска , во нашата ќелија се приклучи и Димитрија Букарски од Селник, Тоде Илиев од Ветрен  и др. Нашата ќелија разви широка активност. Јас бев секретар до 1947 г., кога отидов на работа во Делчево. Подоцна се одделија партиските организации за секое од трите села.

Напред пропушив да кажам дека една вечер, бугарските војници кај Студена чешма  на насипот на пругата, налетаа на германска заседа, при што загинаа повеќе бугарски војници. Кога Германците беа во тунелот, ги доведоа и ги застрелаа Стојан и татко му Алексо Ѓеорѓиев од с.Полето.

**СЕЌАВАЊА**

ПАТЕПИСЦИТЕ ЗА ЦАРЕВО СЕЛО

Од познатите патеписни записи за Царево Село се издвојуваат патеписните белешки на турскиот патописец Евлија Челебија. Тој во пролетта 1662 година на поминување преку Царево Село забележал: „Од таму го пресековме Кочанско Поле и по три часа ја преминавме теснината и дојдовме во селото ЧАРЕНА (Царево Село“).

Чарена на бугарски значи село на покојниот цар. Се наоѓа во подножјето на некоја планина.Тоа е село со стотина куќи, една џамија украсена со камено минаре. Од источната срана на тоа село тече река што минува низ градот Штип. Во тоа село се радував и насладував на вечерта, како гостин во куќата на Велибег, каде составивме добра дружина со првенецот Куруџиоглу и водевме срдечни разговори. Од таму, пак, одевме во источна насока  и по половина час поминавме низ селото Амбарова (Габрово). Тоа е село со 40 муслимани и христијани, има една џамија покриена со ќерамиди која нема минаре.

Од таму тргнавме право нагоре, пак, на исток го пресековме Вулче Јајлак, снежни борови гребени што наневаат страв и ужасни планини. Одевме под боровите, врвот на секоја стрела наликуваше на стрела, која чиниш го допира небото. По 4 часа дојдовме до гратчето Орта Џумија (Горна Џумаја), во која има влупно 200  куќи покриени со ќерамиди. Има голема џамија со 4 михраби. Има многу богомолци. Има 80 дуќани и има многу топли извори.“

Од податоците што ги дава Челебија, може да се заклучи дека џамијата, иако во еден дел е реконструирана, е најстариот објект во градот и дека постои од 1662 година. Бидејќи при престојот во Царево Село, кој како што се гледа од записот, бил само една ноќ, имал работа само со муслимани и затоа неточно констатира на едо место дека ова е муслиманско село. Во турскиот попис од 1570 година во Царево Село  имало 50 христијански и 8 муслимански семејства. На патот од Габрово за Горна Џумаја, се гледа дека поминале покрај Градиштето кај Габрово, па преку превојот на Влаина и низ клисурата за Џумајата.

Руската патописка Марија Карлова, од нејзиното патување по Македонја направила интересни забележувања.

Во тие белешки таа соопштува дека на тој пат не сретнала европеец. Тоа биле првите турски провинции. При средбата со жените тие ја загледувале, ја пипале по облеката, за косата и ѝ се чуделе. Ја прашувале има ли многу пари Русија, со што се хранат, дали е жешко, а немало ни едно политичко прашање. Таа забележува дека се пиело само ракија, а поретко вино. Имало вино само од род до род. И можело да се најде само во манастирите. Ановите по патиштата биле примитивни. Од горе покрив, долу глина со огниште внатре, софра, рогожа за спиење и настрана јасли за добитокот од карванот.

При поминувањето низ Царево Село, спиела во гостилницата на аголот на Брегалница. Таа ноќ таму спиеле и некои луѓе кои биле на пат за собор во Рилскиот манастир и цела ноќ прикажувале. Царево Село го опишува како главен центар на Пијанец, мало место, со 400 куќи од кои повеќето биле христијански, со џамија, но и со црква.

По местата што ги опишува поминала во есента 1868 година. На патот за Царево Село поминала од Рилскиот манастир преку бобошевскиот „Св.Димитрија". Направила почивка во еден ан во село Ваксево, Бугарија. Минувајќи покрај Острец, таа забележала: „Целата таа месност се вика Пијанец. Таа е забележително еднородна, затоа што планините не претставуваат остри врвови, една не е повисока од друга и сите се покриени со зеленило.Тој ден, освен Ваксево, не сретнала други населби. Во таа глува месност поминувале често патници, затоа што кога се приближивме до Острец, поминавме кај двајца селани со овчи шапки кои работат на полето.Тие ги фрлија шапките и еден од нив извика-Боже, мили, уште какви луѓе имало на светот?"

### Патеписни белешки на Васил Кнчев

Интересни податоци за Царево Село и неговата околина можат да се најдат и во патеписните белешки на Васил Кнчов во 1890 година.

На патот од Џумајата за Царево Село минувајќи ја планината Влаина ќе забележи:„Коњите одвај се движеа по стрмнините, иако тоа беа планински коњи и навикнати на лоши патишта. Во почетокот одевме низ густа гора од габер, леска и дрен, а потоа навлеговме во појасот на убава бука. Густата темна гора ни влеваше страв. Влаина не е гостопримлива планина. Покрај патот има гробови, каде што почиваат коските на лоши патници. Власта се трудела да изгради џаде преку Влаина, но, пат не е направен. Местото не е за џаде. Малку на север има подобар преод кој се вика Клисура, но по него не е правен патот, бидејќи е блиску до границата.Тукушто поминавме стотина метри, се појавија два нови гроба. Во нив биле закопани двајца трговци кои биле убени од ѕверовите. Тие селани се божем овчари, но ненадејно ги напаѓаат патниците. И кога ми кажаа дека треба да поминеме низ селото Ѕвегор, јас целиот истрпнав. Спуштајќи се кон Ѕвегор, минувавме низ шума од големи букови дрвја. Во врвовите на ридиштата се слушаа гласовите на пастирите-ајдуци кои ги тераа стадата кон коарите. Во темнина стигнавме во село Ѕвегор. Од Ѕвегор кон Царево Село минувавме покрај ниви, ливади и сливови бавчи. Брегалница беше заобиколена со пространи оризови ниви. Во Царево Село преспавме во еден недоврашен ан. Главното место во Пијанечко е Царево Село. Таму има околу 100 христијански куќи. Населено е на левиот брег на Брегалница. Низ сретсело минува долга и доста широка, но крива улица од исток кон запад. Од двете страни на улицата има еднокатни и двокатни куќи. Кон средината на селото, на една полјана се наоѓа пазариштето обиколено со високи анови и бакалски дуќани. Секоја сабота тука се одржува пазарот. Има една џамија и еден мектеб, а христијаните една црква и едно училиште. Според едно народно предание, селото, кога не било потурчено, се викало Василево."

На друго место истиот автор има запишано: „Пијанечкото Поле е вградено во шумови планини, икрасено со убави населби, покриено со шарени ливади, најгрижливо обработени ниви и овошни

градини. Наликува на една голема цветна градина која е преку целото лето зелена. Во таа котлина се одгледуваат лозја, затоа што е убаво заштитена од северните ветришта".

**Ѓорче Петров за Пијанец и Царево Село- 1896 година**

Во својата книга „Материјали по изучувањето во Македонија" издадена во Софија 1896 година, помеѓу другото, Ѓорче Петров ќе забележи: „Пијанец е планинско подрачје. Земјата е гола, скалеста и непроизводна. Дрвенеста растителност се среќава поретко. Во клисурата покрај Брегалница има многу овошни дрвја, најмногу сливи. Главно занимање на населението е сточарството. Под Царево Село се простира полето на Брегалница кое е богато со растителност. Тоа служи како итарица на Пијанечко. Десниот брег на Брегалница е покриен со бавчи од овошни насади, слива најмногу. Сливите ги печат во посебни печки и ги продаваат во Кочани, Штип, Струмица, Горна Џумаја и Велес.  Близу до Царево Село се наоѓа и рушевина на една стара кула која населението ја нарекува Маркова кула. Ѕидовите се до половинатa, стојат исправени, а кулата е широка 9 метри. Местото околу неа е разработено. Тука се наоѓаат многу стари римски пари. Преданијата не кажуваат ништо за таа кула, но по некоја веројатност, таа е остаток од старите римски стражарници. Слична кула има и во село Тработивиште.

Царево Село има 300 куќи од кои 220 се турски, а 80 македонски. Во селото има една црква и една џамија. Населението се занимава со земјоделие и сточарство. Царевоселци се многу работни. Секој од нив ја ора нивата од 3 до 4 пати пред да ја посеат. Со таква трудољубивост тие ја разработиле земјата како по долината така и по околните стрмнини, па таа и повеќекратно им го наградува трудот.

Во источниот крај на Царево Село, има неколку дуќани кои ја сочинуваат чаршијата. Жителите тргуваат најмногу со маслени производи, со сливи и жито. Пред 25 години продавале многу борина, но откако излезе газјето, таа трговија престанала. Царево Село некогаш се викало Василево.

Според бугарскиот историчар Јордан Захариев кој во времето 1929-1934 година собирал податоци за северниот (Ќустендилскиот Пијанец), дава одредени податоци и за Брегалничкиот Пијанец, објавени во Софија 1949 година. Тој забележал дека Брегалничкиот Пијанец останал чисто селска покраина. Пазарниот центар на таа покраина, Царево Село не стигнал повеќе од големо село. Пазарот во Царево Село бил слаб, па таму се одело на пазар по поситни работи.

Според турските документи, Царево Село во 1900 година имало 35 дуќани, 5 анови, една црква и една џамија. Имало и стар валдичин со 4 соби, една воена болница, една касарна, телеграфска врска со Пехчево и Кочани, а кон границата со Бугарија, една поштенска служба, една управа за даноци и една полициска станица.

Според статистичките податоци , во последната деценија на  XIX век, Царево Село, како центар на Пијанец има 200 муслимански куќи и 70 православни. На турски јазик се зборувало во 85 куќи, на македонски во 170 и на ромски во 15 куќи. Седумдесет куќи припаѓале на егзархијата. Во

официјалните османлиски податоци за 1900 година, за гратчето Царево Село, се наведува дека имало вкупно 200 куќи.

## УБИСТВАТА ВО ЦАРЕВОСЕЛСКО ПРЕД 50 ГОДИНИ

**С Е Ќ А В А Њ А**

**Белешките ги собрал нашиот покоен сограѓанин и професор Драган Арсов**

Историјата на македонскиот народ и другите пишувани документи, јасно ја прикажуваат положбата на македонскиот народ под режимот на бившата југословенска држава и тежненијата на големобугарската боржуазија изразени и преку делувањето на врховистичко ВМРО.

Во периодот од 1920 до 1930 година судирите на интересите на двете соседни боржуазии и отпорот на македонското население доаѓаат до посебен израз на граничното подрачје што го зафаќа и Царево Село.

Луѓето кои се свидетели на тие настани, поголем број од нив се починати, раскажуваат за многу потресни моменти од животот на населението од ова подрачје во тие години. Сите тие, ова време го карактеризираат со убиства и терор врз недолжното население. Во тие години на целото подрачје на Царево Село загинале најмалку шеесетина луѓе.

Во продолжение ќе изнесеме неколку живи сведочења за потресни слики од тоа време. Но, за да се сфатат тие настани, пред тоа ќе ги изнесеме накратко, условите во кои се случувале.

По создавањето на новата држава, Кралството СХС, режимот настојува да се зацврсти и во овие погранични краишта према Бугарија. Од друга страна, Тодор Александров ја активира на овој простор, од него и од Протоѓеров, создадената неоврховистичка организација наречена ВМРО-Автономисти. Иако тие се прогласуваат за поддржувачи на старото ВМРО, со парола дека се борат за автономна Македонија, брзо се разоткрива неоврховистичката суштина на таа организација и потпората на Александров и Протоѓеров ја имале од реакционерниот блок во Бугарија. Александров настојува да ја зајакне организацијата на ова подрачје со формирање месна организација во секое село, со формирање околиска чета и самостојни одделенија за терор врз џандармериските пунктови и непослушното македонско и турско население.

На активноста на „автономистите“ на Тодор Александров која во Брегалничката област се карактеризира со низа насилства и атентати, Владата од Белград презема посебни мерки и во 1923 година во Штип за велики жупан е поставен Добрица Матковиќ, искусен и доверлив полицаец кој се прославил со својата жестокост.Тој ја засилува џандармеријата, ги организира во одреди и групи бившите четници и војводи кои се одметнуваат од ВМРО, познати кај народот како контрачети или црни чети.

Во исто време Александров, Протоѓеров и Ванчо Михајлов се во левите снаги на ВМРО-припадниците на федеративната организација и ВМРО- Обединета, а и помеѓу самите себе во борбата за превласт. Така делувале и нивните чети и војводи.

И, така, во оваа гранично подрачје настанува невиден терор. Постојано тука крстосуваат четниците на „автономистите“, џандарите и контрачетниците и сите бараат соработка, поддршка и послушност. Бараа печени кокошки, баници, пиење. Населението давало пасивен отпор, а за непослушност било казнувано со ќотек и ограбување, па сè до убивање без обвиненија и одбрана, без закон и судови. Давало отпор, иако притисокот бил многу голем. Со измама и терор, народот бил теран на братоубивствена борба со тоа што едните ги фаќале и со себе ги воделе џандарите, како застапници на власта, а другите ги земале и ги воделе четниците со сила и со лага дека се борат за самостојна Македонија.

Од многу невини жртви, по раскажувањата на живи учесници, ќе изнесеме само неколку.

Јордан Бојаџиски бил комита во старото ВМРО. Четниците на Александров го понудиле да соработува со нив, но тој одбил. Му испратиле писмо на секој жител на Грљани дека за организацијата треба да се даде данок од 12 лири. Јордан одбил, иако знаел што може да го снајде. Одлуката била донесена без обвинение и суд. За непослушност, за соработка со властите, за неплатен данок на организацијата и за пример на сите што ќе одбијат, Јордан е ликвидиран. Во есента во 1924 година врските јавиле дека Јордан ќе оди да купи крава во село Истевник. На одредениот ден, група четници се спуштаат по Голак до под селото Чифлик и фаќаат заседа на патот за Царево Село, каде сега е фармата на земјоделското стопанство. Приквечерината, кога се враќал Јордан со уште еден човек и кравата, тие го фатиле и го врзале. По ред го јавале до Голак. По неколкудневно мачење го натерале сам да си ископа гроб, а потоа го убиле со нож, а натерале некој овчар да го закопа.Тој селанец од Драгобрашта подоцна се нашол во затвор со некој царевоселец и му раскажал за мачењето на Јордан Бојаџиски од четниците.

Џандарите, пак, разбрале за селанецот што бил натеран да го донесе писмото за данок на Јордан, и тие, пак, го ликвидирале него.

Ѓорѓи Димишков во 1920 година, со повеќе другари избегал од српската војска и се вратил во родното село Селник. Мотивот за бегство од војската бил затоа што пред доаѓањето на српската власт, тие веќе служеле во бугарската војска. Но, престојот во Селник бил ризичен, затоа што властите можеле да ги фатат и казнат. Затоа, тој побегнал преку граница. Но, Ѓорѓи не можел ни така да живее. Пред да отиде во војска, тој се оженил со мома од Бигла. Решил да отиде да си ја земе невестата која отишла да живее кај своите родители. Еден ден, тој со помош на четниците од организацијата на „автономистите“ тргнал по невестата. За тоа разбрале и џандарите и го пристигнале помалиот негов брат Ване, да каже кога ќе заминат. Ване подлегнал на притисокот и кажал. Во закажаната вечер во домот на невестата на Ѓорѓи во село Бигла, пред да дојде Ѓорѓи, се сместиле џандарите. Потоа дошла дружината на Ѓорѓи, за водач го земале селскиот полјак кој бил и курир на организацијата. Дошло до судир при што загинал полјакот Стоица од Павлевци. Бегалецот останал без невестата. Откако четниците разбрале дека брат му Ване ги поткажал на џандарите, го фатиле и го одвеле во селото Цера. Таму го натерале на една свадба да свири и пее и да игра цела вечер, а сабајлето го убиле. Четниците го убиле и татко им. Така, цело семејство се растурило и изгинало за туѓи интереси.

Во тие години на каменичкото подрачје по зулуми и диверзантски акции бил познат Шарен Ампо кој водел самостојно четничко одделение. Во 1925 година, во еден есенски ден, неговото одделение се сретнало во Брегалница со џандармерска патрола при што дошло до судир. Во тој судир бил ранет еден од четниците, еден побегнал, а Шарен Ампо бил ранет и се сокрил во едни скали во село Дупница. За да го фатат џандарите, донеле околу 50 луѓе во кои имало џандари, контрачетниции, селани од околните села. Џандарите знаеле дека тој е многу вешт и ако се стемни може да им пибегне, па затоа настојувале денски да го фатат и да го убијат. Кога го повикале да се предаде, тој одговорил дека ќе се предаде само ако дојде Ампо од Калиманци да му помогне да излезе. Кога џандарите го натерале Ампо од Калиманци да оди, тој одговорил дека не смее, затоа што тој  го поткажал брат му на Шарен Ампо, па џандарите рекле дека го нема меѓу нив. Потоа, побарал да дојде братучед му Велин од Дулица. Под закана, Велин морал да оди до карпите каде бил сокриен Ампо. Очевидци раскажуваат со колкав пламен и убави зборови се обратил Ампо кон својот роднина и кон селаните чувствувајќи дека тоа се последните мигови од неговиот живот. Потоа го убил својот роднина, па сам си го одзел животот.

За да покажат дека тие немилосрдно се пресметуваат со комитите, мртвите тела на Ампо и неговите другари ги донеле и изложиле во Царево Село, пред куќата во која до недоамна бил Општинскиот суд. Но, тука поминал трговецот Ињо што имал прекар Касапин и на мртвите четници им ставил цигара во уста. Тоа  стигнало до ушите на Организацијата и пресудата била донесена веднаш. Ињо да се испрати кај нив и да се ликвидира. Во еден пазарен ден, кога група четници во Виница во анот на Баба Рисин го убила омразениот контрачетник Мите Суџукаро и со коњи побегнале. На Виничката Река го сретнале трговецот Ињо кој слушнал за убиството и побегнал. Но, бил фатен и веднаш убиен. Во тој момент, неговиот осумнаесетгодишен син кој му помагал во трговијата, ги опцул убијците, тие кога разбрале дека му е син, веднаш и него го убиле. Очевидци кажуваат дека долго време на тоа место се црвенеела крвта на убиениот трговец и неговиот син кој бил многу млад.

По 1925 година, џандарите заедно со контрачетниците, ја зајакнале контролата над населените места во подрачјето. Тие почнале да делат пушки на некои селани за борба против четниците. Четниците разбрале дека такви пушки биле поделени во Разловци и Нов Истевник. Тие се разбрале со другите дека ќе ги чуваат пушките нема да ги употребуваат против нив, но им останале сомнителни Спиро Пецунков од Нов Истевник и Теодосија учителот од Разловци.

Една вечер, кога Спиро привршувал со печењето на ракијата и по собраната летнина се спремал мирно да ја помине зимата, во неговиот дом дошле неканети гости. Го барале Спиро, но го немало. Еден од четниците се качил на таванот од куќата да собере ореви, печени сливи и друго што ќе се најде за јадење. Барајќи јадење, го нашол домаќинот сокриен на таванот. Го фатиле, му ја земале пушката и испратиле луѓе од  маалото да кажат на војниците на караулата дека тие го одвеле Спиро. Го обесиле на Истевничкиот мост. Алармираните војниците, веднаш тргнале во потера и виделе дека на мостот виси човек. Мислеле дека е четник, па пукале во него, а после виделе дека е обесен. И, така, Спиро од четниците е обесен,  а од војниците стрелан, ни крив ни должен, ни на едните ни на другите,  умрел. Новиот ден не го дочекал ниту Теодосиј, учителот од Разловци. И тој вечерта бил убиен од четниците.

Во 1924 година група од петмина четници од околиската царевоселска чета на „автономистите“ била одредена да ги обиколи селата околу границата. Четниците минале преку Ветрен, Звегор, Габрово и Стамер, каде ноќно време собирале селани што од страв морале да доаѓаат раскажувајќи им дека мора да ја помогнат борбата за автономна Македонија. Кога стигнале во селото Град, нив ги поткажал на џандарите Ќазим Амитов. При судирот бил ранет некој четник, а тоа значело дека мора да се убие Ќазим. Задачата требало да ја изврши четникот Билјар кој, исто така, бил од Град. Билјар се облекол во булски алишта и отишол во Град, но не можел да го убие осудениот, туку само го ранил.

Убивале сите, убивале четници, контрачетници, џандари. Џандарите и контрачетниците ги убивале раководителите на Организацијата на „автономистите“ по селата. Така, на пример, тие ги убиле раководителот на организацијата од Грлана, Спасе од Звегор, Петко од Тодоровца и други. За соработка со организацијата од секое село е убиен по некој човек.

За сметка на тоа, пак, четниците ги убиле луѓето што ги бележале како соработници на власта. Од заседа го убиле кметот на Косевица, кога одел на собор на Пантелеј, кметот на Саса го убиле на прагот од неговата куќа.

Во тие години со посебна активност се истакнувале контрачетниците. Формирале чети и одделенија и го обиколувале теренот. Како поранешни четници, тие ги познавале четниците и нивните јатаци и кон нив се однесувале со посебна жестокост. Во селата над Делчево со посебна активност се истакнувал контрачетничкиот војвода Пандурски кој, прво, бил во четата на Александров во Горноџумајско, а потоа се одметнал и формирал контрачетничко одделение. На долните подрачја доаѓале контрачетниците од Кочани. Пандурски убил повеќе луѓе од селата над Делчево, под изговор дека соработувале со Ванчо Михајлов и Александров. Познато е дека тој го убил и учителот од Панчарево, жители на Тработивиште и од други села. На крајот и тој бил убиен.

Во Горноџумајско се пренела вест дека некое младо момче кое од порано го познавало Пандурски, убило некој од лутите противници на Пандурски и побегнало преку граница. Убиениот бил погребан со сите церемонии. Момчето побегнало во четата на Пандурски и бргу се стекнало со голема доверба. Дури жена му еднаш го предупредила дека лошо се однесува со нивните деца, но тој не верувал во тоа. Кога еден ден четата застанала да одмори кај Умлена, Пехчевско и кога сите заспале, новодојдениот ги извадил затворачите на пушките од сите четници и со неколку куршуми го убил наместо Пандурски. Останатите четници изрипале од сон, се фатиле за пушките но тие биле неупотребливи. Убил уште еден и побегнал преку граница. Подоцна се дознало дека тоа со убиството во Горноџумајско било само мамка, за да може Пандурски да го прифати момчето кое било испратено да го убие него.

Во тие години почесто четниците на Александров и Михајлов вршеле и масовни диверзии и атентати, за да ја покажат својата сила. Од 1923 година, кога српската власт презема помасовни акции за прогон на нивната активност, тие како одговор на тоа решиле во секој град да се разруши по некој објект и да се убијат видни луѓе. За Царево Село било решено да се фрлат бомби во кафеаната на Спиро Икин кој бил бански советник во Скопје. Задачата ја добиле тројца четници од

овој крај кои добро го познавале теренот и кафеаната на Спиро Икин. Задачата била извршена во 1925 година. Атентаторите денувале кај Очипала, а вечерта преку бавчите се прибрале до кафеаната на Икин. Кога поголем број граѓани ги напуштиле дуќаните или се вратиле од работа од нивите и се нашле во кафеаната да си поразговараат, во кафеаната одекнал страшен пукот од фрлените бомби преку прозорците. Спиро кој требало да биде жртва, останал жив, бидејќи во тој момент, не бил во кафеаната. Убиени биле неговите двајца браќа и уште тројца граѓани, а уште 17 други биле потешко или полесно ранети.  Масовното убиство на четниците во Царевоселско е забележано во 1933 година. Тогаш „автономистичката“ ВМРО вршела масовни диверзии со цел да докаже дека сè уште е силна. Една група од 5 четници се префрлила преку границата и требало тие или преку свои луѓе да разрушат некој виден објект на ова подрачје. На некој свој соработник од Калиманци, му дале задача, тој или некој друг, на некој верски празник да подметне огнена мина во црква или на некое друго место, каде се собираат поголем број луѓе во Виница. Но, тој ги пријавил и џандарите им тргнале во потрага.  Враќајки се назад, тие подметнале  мина на мост на патот кон Бигла, со цел, кога ќе наиде возило да се сруши мостот и да има жртви. Некое овчарче го забележало тоа и им кажало на џандарите и тие ја извадиле мината. Четниците ги стемнило, а еден од нив бил и многу дебел и не можел да оди и решиле да денуваат во Курилово. Дебелиот го оставиле во еден боб во една градина, другите се скриле со листови од шума во некоја корија. Наклеветени од сопственикот на градината, џандарите дошле и ги убиле сите четници.

Од 1924 до 1928 година на ова подрачје се засилува и активноста на  ВМРО-Обединета која има напредна ориентација и води координирани активности со КПЈ. На конференцијата на ВМРО-Обединета во Велес во 1925 година од Царево Село како делегат учествува Велин Цеков. Од пунктот во Штип се раководела и ВМРО-Обединета која имала своја мрежа и во Царевоселско. За врска служел Моне Керлемов од Штип кој бил пратен да изучува шивачки занает кај некоја шивачка фамилија во Царево Село.  Откако џандарите разбрале дека тој се занимава со курирска дејност, пратила потера по него. Тој се сокрил во еден бадем во визбата на шнајдерот Спасе. Го нашле и го повеле за Штип и кај чешмата во Дервено под мотивација дека сакал да побегне, го убиле, а Спасе го затвориле заради соработка со тие што сакаат да го рушат системот.

Тоа се само дел од сведоштвата за едно немирно и несигурно време, кога населението од овој крај заради туѓите интереси било доведувано во несигурност за имотот,  честа и достоинството и голиот живот. Време, кога не се знаело што ќе му донесе новиот ден, кога со присилување и лажни пароли било терано на братоубиствена борба, но и кога знаело дека сето тоа мора да го издржи и да го зачува својот национален идентитет и  нашите традиции, за подобро и посветло утре.

**СЕЌАВАЊА**

На **Стојан Ѓеоргиевски-Тане** за состојбите во Царево Село во времето помеѓу 1920-1940 година

„Роден сум во Царево Село во 1915 година. Моите родители се дојдени од село Бигла во 1914 година. Како ученик во основното училиште во Царево Село од 1923 година, а по завршувањето на Вишото основно училиште во него, како чирак во берберските дуќани на Зафир Димитров и Ванко Димитров, имав можност да ги следам сите настани во Царево Село од тоа време, па до денес.

Јас го паметам Царево Село како мало убаво гратче. По Балканаските и Првата светска војна во него започнува оформувањето на чаршијата со занаетчиски, угостителски дуќани и анови. Дуќаните ги држеа во најголем број од македонското население и мал број од турското.

Во 20-те години од XX век, населбата Царево Село беше сместена само на левата страна од реката Брегалница. На десната страна, каде сега се наоѓаат Ново Делчево и Милков Брдо беа ниви и бавчи.

На десната срана од Брегалница се наоѓаат водениците на царевоселци. На Габровчица, над мостот на меѓународниот пат за Бугарија, беше воденицата на Никола Киселички. Низводно од неа, исто така, на Габровчица на околу 500 метри, беше воденицата на Митко и Ѓорги Симионови, дојдени од Крушево. Кај автобуската станица беше воденицата на Миленкови и Омбашијци (Турци). Кај Студената чешма имаше воденица со 4 витла на Ристо Каменарот и Јангел Мешко.

Покрај Габровчица и Брегалница се наоѓаа бавчи со фурни за печење сина слива. Во близината на сегашниот пензионерски дом имаше две фурни со по 20 леси за сушење сини сливи во сопственост на Николачко Чорбаџиски. Погоре од оваа фурна од десната страна на Габровчица постоеше фурна на семејството Киселички Никола, Спиро и Ристо, исто така, за печење сина слива со 20 леси. Една леса беше долга околу 4, а широка околу 2 метри. Печените сливи се продаваа и на пазарите во градот, но и надвор од градот.

Првите државни објекти на десната страна на Брегалница се градени во 30-те години на XX век. Прво е граден објектот во кој подоцна се наоѓал дел од осмолетката „Кирил и Методиј“. Колку можам да се сетам, таа зграда е градена помеѓу 1928-1932 година. Во триесеттите години е градена Соколаната. Во изградбата на Соколаната учествуваа и војниците од граничната единица и потполковникот Перишиќ. Во тие години е градена и среската зграда во која подоцна беше и Општинското собрание. Двете постари згради кај Одделението за внатрешни работи се градени за времето на бугарската окупација 1941-1944 година.

Првите приватни куќи на десната страна од Брегалница се градени околу 50-тите години на XX век. Тоа се куќите на Мајсторчето, Џабирци, Миразликини. Пред тоа околу 1925 година на местото, каде што е сега поштата, со четири соби беше изградена куќата на учителот Василие Цониќ. Околу

1922 година на десната страна од Брегалница, кај сегашниот мост, имаше кафеана на Никола Киселички. До неа имаше штала која беше издавана за потребите на коњите на џандармеријата.

До отпочнувањето на градба на куќите на десната страна на Брегалница кои беа сосема малку до 50 –те години на XX век, населбата Царево Село се наоѓаше на местото каде сега се наоѓаат куќите од I, II и III реон.

Чаршијата, центарот на гратчето, се протегаше на двете улици започнувајќи од 50-тина метри низводно од мостот во северен правец до амамот на Чимевите. Во неа беа сместени занаетчиските, трговските, угостителските дуќани, ановите и јавните установи. На левата страна од Брегалница, од мостот низводно во ладовина на тополи и врби, имаше летна бавча со исковани маси и клупи, без покрив, во која летно време на кафе и чашка ракија навраќаа занаетчиите, трговците и службениците и други гости. Низводно од таа бавча забележителен објект беше тишлерската работилница на Душан Радосавлевиќ, дојден во Царево Село како колонист од Тимочка Краина. Таа зграда подоцна беше и кафеана, а подоцна и менза.

Од 30-тите години на XX век трговските дуќани се наоѓаа на првата улица од кај Брегалница, а занаетчиските и угостителските дуќани и ановите се наоѓаа околу втората улица. Во трговските дуќани се продаваа разни стоки на ситно: тексил, железарија, ортоми и оглави за добитокот, сол, шеќер, зејтин, газје. Потоа, имаше и порцелан, боја, чевли, невестинска опрема и сл. Такви дуќани имаа Ристо и Спиро Киселички, Јован Мухтијата, Крум Попданилов, Чиме Христов, Алија Пепишков, Ѓорги Атанасовски, Јованчо и Никола Котев, Симевите и повремено и други. Јованчо Стојанов на кој родителите му живееле во с.Град имаше репрезенативен дуќан за текстил и аналински бои. Јангел Мајсторчето имаше голем дуќан за железарија. Во куќата на Еротеја Златков се продаваше невестинска опрема. Зад стоковната куќа имаше три ромски ковачки работилници, а таму се наоѓаше и казаницата на Киселички со два бетонски казани за комини. Терзиски дуќани имаа Ристо Кокалски и Пеце Рајата. Ефтим Ралупчето продаваше потури, елеци и сл. Нови чевли по нарачка правеа браќата Глигор и Васил Петрови-Парагаравци. Со берберски занает се занимаваше Ванко Димитровски, Зафир Димитровски и Ѓорги Арсов. Со грнчарство се занимавале Мите, дедо на Брицо и Спиро Грнчарот. Фурни имаа Васко Илиев и Стојан Димитров. Имаше и маалски фурни. Во фурните се печеше леб, колачиња и симит. Симитот беше посебно вкусен. Најмногу го сакаа децата, а се правеше од чисто брашно, маја и наут. Во чаршијата беше и книжарницата на Панте Чорбаџиски и единствената продавници за зарзавати на Пешо Атанасов, дојден од Кочани. Слаткарници имаа Тимчо и Гаврил Џабирски. Во бакалницата на Миропа Настева се продаваше боза, алва, шарени бонбони, чоколада. Бифе за пиење од нога имаше Ване Рајата, а Дане Мавродиев продаваше за пиење од нога, кафе, чај и ракија во чоканчиња.

Од 30-тите години работеше и хотелот „Брегалница“ на Чимевите. Касапницата беше под сегашната зграда на Ветеринарната станица, под скалата до која допираше водата од реката Брегалница. Закланиот добиток веднаш се миеше од водата на Брегалница која беше чиста како солза.

Во чаршија се наоѓаше и пазарот кој се одржуваше секогаш во сабота.Тој пазар беше на локација помеѓу училишната зграда и сегашните куќи на Миленковите. Живата стока се продаваше кај коритото на Брегалница, зад сегашниот споменик на паднатите борци.

За разлика од некоидруги градови во околината, добитокот тука се чуваше во штали во дворовите на куќите. Тоа беше карактеристично за маалата од погорниот дел на градот. Земјата се обработуваше со рало и плуг и со воловешка запрега. Вршидбата на житото се вршеше на гумна со коњи.

Младите на матинеа и други забави свиреа на прим, гитара и бас. На прим свиреа Стојан Златков и Кољо Берберинот. На гитара Павле Дамјанов, а на бас, Трајан Миленков. На тие забави не се свиреше на виолина. Црковниот хор го водеше учителот Димитар Кушевски кој свиреше и на виолина. На свадби свиреа Ромите на тапан, труби и кларинет. Имаше свечена и секојдневна облека. Во секојдневната облека по селата преовладуваа алишта и кај машките и кај женските сошиени од волна. Во градот покрај облека од волна се користеа и индустриски штофови. Празничната облека имаше украси во вид на шари, гајтани, колани од мониста. Кај женските и обетки, гривни, пафти, ѓердани сл.

**СЕЌАВАЊА**

На **Стојан Ѓеоргиевски-Тане** за состојбите во Царево Село во периодот од 1920-1950 година

**ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА**

Колку јас што знам, населението во овој крај во турско време имало слаба здравствена заштита. До 1918 година, при воената единица во Царево Село, сигурно, имало и воен персонал, но колку тој персонал му помагал на цивилното население, не знам. Знам дека првите цивилни лекари во Царево Село се руски емигранти кои побегнале од таму по Октомвриската револуција. Околу 1920 година, цивилен лекар во Царево Село е Полканов. Тука работел по преместувањето од Берово и лекарот Шантаров. Околу 1940 година тука работел и лекарот Чалиќ, Босанец. За него се знае дека беше многу достапен и услужлив за населението. Тој знаел да јавне на коњ и да отиде дури до Саса, ако треба да пружи здравствена помош. На најсиромашните им давал и лекови без пари.

Помеѓу 1930-1940 година имало и воени лекари кои го лечеле и населението. Таков бил воениот лекар Петалов и лекарот Царевиќ. По 30-тите години како селски лекар работеше и д-р Тренчев Коста. Прв лекар од Царево Село кој работеше тука е Никола Петров-Никица.

Од 30-тите години се развива и аптекарството во градот. Во Царево Село прв аптека отворил Анте Свалина кој беше по потекло од Задар. Тој, прво, бил воен аптекар во Штип, а потоа отворил приватна аптека кај нас. Аптеката беше на локација, каде подоцна беше стоковната куќа. Се продавале основни лекови, но и лекови кој ги правел аптекарот. По 1941 година аптеката ја презема д-р Тренчев, а во неа работи Васил Ѓоргов од Велес. Забоздравствената заштита беше на многу ниско ниво. Заби вадеа Чимевите и некои Турци. Клештите со кои ги ваделе забите ги нагорувале во оган и така им правеле дезинфекција. Од 30-тите години тука во летниот период доаѓале на практика дентисти кои вршеле и поправка на заби. Поредовна здавствена заштита на забите започнува по ослободувањето, кога доаѓаат наши кадри.

Преку ендекот под сегашниот хотел-ресторан се наоѓаше училишната зграда која е градена уште во турско време. Таа зграда имаше 4 училници и сала во која се одржуваа приредби. Просторот помеѓу училиштето и Брегалница беше училишен двор во кој имаше и справи за вежбање. Во тоа училиште се учеше до вишо основно образование, тоа беше 4 основни, плус 2 години. Учениците кои имаа вишо основно образование можеа да се запиашаат во трети клас на полната гимназија во Штип. Муслиманите во тоа време имаа муслиманско училиште-Медреса кое се наоѓаше веднаш до џамијата, таму учителите беа без образование.

Од 30-тите до 40-тите години на XX век, културно-забавниот живот во градот се одвиваше во поголем дел преку градската читална. На местото каде порано беше фурната на Васко Илиев,

беше старата читална. Новата читална беше поголема. Таа беше лоцирана пред куќите на Миленкови. Во читалната можеше да се прочитаат весници кои во тоа време излегуваа во центрите на Кралството Југославија. Тука, со пошта стигнуваа весниците „Политика", „Правда", „Време" и др. Поситителите на читалната можеа да бидат послужени со чај и кафе.

Во време на бугарската окупација 1941-1944 тука доаѓаше и весникот „Целокупна Бугарија" кој се издаваше во Скопје, а чиј уредник беше Никола Коларов по потекло од с. Град. Во времето на Кралството Југославија во читалната имаше и сала со бина, на која се прикажуваа и драмски претстави и игранки. На тие приредби, освен младината од градот доаѓаа и службеници и старешини од полицијата и војската. Интересно е да се одбележи дека на една таква приредба жената на командантот на граничните единици, Перишиќ која ми се чини беше Унгарка, донесе и клавир од дома и на него свиреше класична музика, а сите беа воодушевени. Во 30-тите години преку Соколаната, тука во времето на феријата, дојде студент по музика, Богдановиќ од Скопје кој одржа и концерт со оперска музика.

Освен што информирањето се одвиваше преку печатот, во 30-тите години беа донесени и првите радиоапарати, два или три кои беа сместени во кафеаните. Еден радиоапарат имаше во кафеџилницата на Раде Станисавлевиќ, зет на Чипеви. Во таа кафеџилница се слушаа и вестите за убиството на Крал Александар. Убаво се сеќавам, бидејќи преносот беше лош со прекини, сите се туркаа да бидат што поблиску до радиото, за да можат да слушнат што се случило.

Во времето на Кралството СХС, власта имаше општинска управа, среска управа, општинска полиција (џандармерија). Општинската управа беше на местото каде сега е хотел-ресторанот. На спратот имаше 4 службени простории, а во приземјето беше кафеаната на Спиро Икин во која во 1924 година комитите фрлија бомби од кои загинаа двајца браќа на Спиро, претседателот на општината, Ахмет Кадиски и уште некои други.

Среската управа се наоѓаше на локација, каде што е семејната куќа на Ханџиски. Таа зграда едно време беше изгорена, па подоцна беше изградена нова зграда во која беше општинското собрание. На локација, каде сега се наоѓа влезот на касарната се наоѓаше седиштето на џандармерската чета.

Пореската (даноќната) управа, едно време, се наоѓаше во куќата на браќата Ѓорги и Јангел Симичови.

Сè до 50-тите по ослободувањето, поголем дел од населението на Царево Село се занимавало со земјоделие и сточарство. Улиците во градот во некои делови беа калдрмисани, но во поголем дел земјени. Првиот асфалт, само на мал дел од главната улица, беше ставен некаде во 1958 година. Оветлувањето на домаќинствата сè до по ослободувањето се обезбедуваше со газија. Од 30-тите години на некои места покрај важни објекти имаше ламби кои рачно се палеа навечер, а наутро се гаснеа. Такви две ламби имаше пред општинската и училишната зграда. Електричното осветлување на градот беше воведено во првите години по ослободувањето.

Населението со вода за пиење се снабдуваше од чешми, кладенци и пумпи. Доводите за чешмите беа од земјени ќунци од извори од подножјето на Голак. Во Втори Реон ваква чешма имаше кај џамијата, а во Трети Реон во близина под Чуката. Во 30-тите години беа набиени и две пумпи, едната пред хотелот „Македонија“. Градскиот водовод беше изграден некаде околу 1966 година. Личната хигиена населението ја одржуваше со миење во домашни корита или на лето во реката. Едно време имаше и амам на Чимевите, каде што подоцна беше куќата на Лена Христова-Чете. Подоцна имаше и градска бања при комуналното претпријатие каде подоцна беше зградата на Радио Делчево. Перењето на алиштата и постелнината беше  во водите на Брегалница кои тогаш беа многу чисти.

**СЕЌАВАЊА**

**На Киро Селнички** за развојот на земјоделието во Делчево

Земјоделието пред 50 и повеќе години во нашата општина се карактеризира со интензивна обработка, со примитивни средства за работа, со употреба на дрвено рало, срп за жетва, коњи, волови, па и магариња за вршидба, дрвена кола- литарка и интензивно користење на човечкиот труд од најмалите деца до старите, а сето тоа за земјоделско производство со кое едвај се преживува.

Во обработката на зејмата, волот беше главна влечна сила за орање и превоз. Дрвеното рало, основно средство за обработка на земјата, плугот бил реткост, а тој се појавува пред Првата светска војна и тоа повеќе добиен како подарок од државата на добри земјоделци кои со обработка на земјата со плуг, требало да покажат личен пример на другите земјоделци во квалитетна обработка на земјата и постигнување повисоки приноси.

За превоз на производството се користела дрвена кола наречена литарка. Колата на 4 тркала беше реткост. Сите тркала беа дрвени и оските беа дрвени, па затоа и често се кршеа. Семенскиот материјал беше таков каков што се родил претходната година, неселектиран, нечист, загаден со гламни, ниско приносен и сл. Со вакво семе не можеше ни да се очекува голем принос. За минералните вештачки ѓубрива не се ни знаело, а камоли да се употребувале. Не се ни произведувани. Добра страна кај нашиот земјоделец беше што многу го ценеше сточното –арско ѓубре. Жетвите се вршеа со срп, а вршидба со коњ, волови или магаре. Макотрпно беше собирањето на сортните жита. Земјоделското семејство беше изнемоштувано до крајни можности.

Во сточарството се одгледуваа најпримитивните раси на добиток со ниско производствени својства. Кравата се чуваше за да му исчува на земјоделецот волови за орање, а не за млеко, бидејќи нашата крава наречена Буша е со мала млечност. Во сточарството е застапена најнепродуктивната овца праменка т.е. каракачанка која дава малку волна, мала млечност и малку месо. Во коњарството е застапен нашиот брдски коњ, наречен, босанско брдски, со мала работоспособност.

Здравствената заштина на земјоделците била скоро никаква. Честите болести посебно маларијата (треската), како и туберкулозата, но и други, биле причина семејстава од 5 или 6 члена да останат на еден и двајца члена. Често, нашето земјоделско население и гладувало. Повеќето од нив немале ни доволно земја за обработка. Голем дел од нив немаа ѕевгари да ја обработуваат земјата. Голем дел од нив чуваа по еден вол, па се здружуваа еден со друг и така правеа

заеднички ѕевгар и наизменично работеа со него. Земјоделското население немаше скоро никакво образование.

Првите новини во земјоделието се воведуваат во нашата општина по 1927 година со формирање на овошниот расадник во тогашното Царево Село. Расадникот имал за задача во прв план да произведува овошни садници, посебно сина слива наречена малешевка, да произведува поквалитетни јаболка во тоа време: будимка, колачарка, циганка и др. Производство на калемени лозови садници на американски подлоги, бидејќи се јавува филоксерата на коренот на нашата европска лоза, па лозовите насади почнале нагло да пропаѓаат.

За унапредување на сточниот фонд се чувани бикови од расата монтафонка, а и крави кои давале повеќе млеко. Се чувале и нерези и расови?? кокошки.

Постоела и домаќинска школа за обучување младинки за кроење, шиење и готвење, а повремено се држани и курсеви за калемење. Со расадникот раководеше Војо Брашиќ кој бил со средно образование, но многу способен човек со голема работна амбиција. Тоа се карактеристиките на нашето земјоделство до пред Втората светска војна, во тој период не пстоела никаква механизација.

Првите трактори се јавуваат некаде околу педесеттите години, а за време на СРЗ од 1948-1953 се направија напори да се внесат трактори задругар на тркала и ансалдо на гасеници. Но, со распаѓањето на СРЗ се продадени и тракторите. Иако беше внесена една минимална механизација, таа не ги даде очекуваните резултати, поради брзото расформирање на задругите, а од друга страна, немањето стручен кадар за нејзина употреба.

Сточарската станица „Петрашевец“ имаше задача да го унапреди сточниот фонд во тогашната Царевоселска Околија, каде постоеше и свињогојство. И јато од племенети кокошки ленгхорн. Сточарската станица, подоцна прераснува во земјоделско стопанство „Сандански“.

Првиот комбај „Змај“ е купен во 1963 година, но тогашните агрономи тврделе на почетокот дека комбајот не може да работи на нашите ниви. Сепак, почнал да се користи. Комбајот, прво, почнал да жнее во Милково Брдо, на таканаречените Спаиските Валози над Габровскиот пат. Новиот комбај и добро обучениот Станко Велиновски од Петрашевец, одлично ја жнееја и балираа сламата. Цело Делчево беше на габровскиот пат и коментираа колку е добра таа машина, колку работници заменува и колку ја олеснува работата на земјделецот.

Да спомeнеме и тоа дека во првите години по завршувањето на Војната се формира служба, наречена, Фонд за механизација кој требаше да се грижи за механизацијата и унапредувањето на земјоделството. Подоцна се формира и „Деловен сојуз“ кој одигра голема улога во откупот на живата стока. За прв пат внесовме и италијански сорти пченица кои се одликуваа со високи приноси. Но, бидејќи не беа запознати нашите земјоделци, не ги прифаќаа со изговор „кај нас тоа нема да фирее“. Сеидабата со новите високородни пченици започна дури во 1958/9 година.“

115.

**СЕЌАВАЊА**

**ТАЈНИТЕ КАНАЛИ НА ТМРО ВО ПИЈАНЕЦ**

Македонското население од Пијанец континуирано го пројавува својот револуционерен ослободителен дух во втората половина од XIX век и почетокот на XX век. Тоа население за ослободување од Османлиската власт, го дигнало Разловечкото востание. Ја организираше народно- востаничката власт во времето на двомесечната слобода на Пијанец 1878 година. Се вклучи во Кресненското востание и зеде многу активно учество во работата на ТМРО. Гоце Делчев имаше забележителен број на верни соработници помеѓу пијанчани.

Најмногу активности, Македонците од Пијанец пројавиле во поддржувањето на тајните канали на Организацијата. Преку тие канали од Бугарија во Македонија било внесувано оружје, муниција, пропаганден материјал, а биле преведувани и илегални работници и чети, во двата правца.

Во Ќустендил и Дупница се наоѓале двата многу активни задгранични пунктови на Организацијата. Близината до Пијанец на тие пунктови овозможувала, повремено или постојано, преку него да поминуваат повеќе тајни канали. Според најновите истражувања, преку македонскиот дел од областа Пијанец, поминувале пет такви канали.

Еден од многу користените канали во времето на ТМРО, а и подоцна, бил каналот кој поминувал од ќустеднилското село Сажденик, преку нашето село Саса и понатаму до внатрешноста на Македонија. Преку тој канал, Павел Шатев, зимата 1903 година, пренесувал динамит за солунските атентатори. Преку него поминувале, во двете насоки и поголем број чети пред и по Илинденското востание. Каналот го опслужувале поголем број жители од Саса, но досега се познати имињата на Коле, Антон и Ѓеро, како што запишал Шатев во своите спомени, сите од Сарафското Маало. Гоце Делчев во списокот на организациските луѓе од Саса го забележал и името на Иван Ангелов.

Никола Петров Русински во своите спомени соопштува дека за илегални потреби на Оранизацијата бил користен и патот што ги поврзувал ќустендилското село Раково со делчевските села Селник и Драмче.

Помеѓу најфрекфентните бил и каналот кој водел од Штип, преку Виница, до делчевското село Илиово, во кое бил предвиден преоден пункт, па до Ветрен и понатаму до Ќустендил. Во уредувањето на тој канал заедно со Ангел Баба Божанин од Виница, учествувал и Гоце Делчев кој бил учител во Штип. А и самиот, повеќе пати поминал по него.

Во литературата се среќава и таен канал кој од буарското село Црварица поминувал преку Варево Село и понатаму за Пехчево, па до ватрешноста на Македонија. За работата на тој канал не се среќаваат многу податоци. Најверојатно, тој канал не бил многу активен, затоа што да се дојде од Црварица до Царево Село, требало да се помине преку села кои во тоа време биле населани само со муслиманско население, кај Црната Скала во близина на Црварица се наоѓала воена и полициска единица, а и во Царево Село, две третини од населението било муслиманско што не давало гаранција за безбедно функционирање на каналот.

Преку дел од пијанечките села поминувал и Малешевскиот канал. Од Дупница и Лешко, во Бугарија, некои пратки и нелегални работници, поминувале и преку селата Панчарево, селата Нов и Стар Истевник и Разловци. За користење на тој пат се среќаваат податоци и во преписката на Гоце Делчев и во спомените на Русински.

Како соработници на тајните канали во Пијанец биле ангажирани поголем број мештани од Царевоселско. Во писмата на Гоце Делчев и во останатата литература од Царевоселско, се спомнуваат имињата на Тошо од Илиово, Митко Ѓеорѓиев од Киселица, Коле Циганчето од Селник, Јане Бумбарот од Драмче, Стојца Чорбаџиски од Панчарево и други. Во писмата на Гоце Делчев се спомнуваат разловчани, ветренци, вчковци кај Дрмче и други.

Видно учество во работата на ТМРО земале и бегалците од Пијанец кои во 1878 година се нашле во Бугарија, во најголем број во Ќустендил и Дупница. Според некои нецелосни податоци, во тоа време од денешно Делчево и Каменица таму се нашле околу 2500 бегалци. Само во Ќустендил од Пијанец се населиле над 700 души од кои од Царево Село над 300. Тие луѓе верувале дека преку активностите на ТМРО ќе се дојде до ослободување на Македонија, па тие ќе можат да се вратат на своите родни огништа.

Висок соработник на Гоце Делчев во Ќустендил, бил адвокатот Глигор Бојаџиски, бегалец од Царево Село. Григор е син на Митко Бојаџијата кој во времето на двомесечната слобода на Пијанец, 1878 година, беше член на времената Управа на слободната територија. Потоа, целото семејство заедно со осумгодишниот Григор, побегнал во Ќустендил. Забележителни активности во работата на Организацијата пројавил и учителот од Ќустендил, Глигор Поп Иванов, исто така, бегалец од Царево Село.

На повеќе места во својата преписка, Гоце Делчев, го спомнува Петре Попо Димитров од Ветрен кој по поделбата на селото во 1878 година се нашол од другата срана на границата и многу ја помагал работата на Организацијата. Тој бил главен координатор на преодниот пункт во тоа село. Видно учество во работата на тој пункт земал и Стојан Судијата од истото село кој имал имот од двете страни на границата.

Иако нема прецизни податоци за вкупниот број соработници на Организацијата и од бегалците во Бугарија и од македонското население од нашиот дел Пијанец, сепак, има некои познати бројки кои кажуваат за нивната ангажираност.

Само по Виничката афера од 1897 година, за да не бидат затворени и малтретирани како соработници на ТМРО, од Пијанец и тоа само во Ќустендил, побегнале 104 лица и во Дупница 24. Ако се има предвид дека некои од тие бегалци се засолниле кај свои роднини и пријатели кои како бегалци од порано се нашле во Ќустендил и Дупница, тогаш тие бројки се и поголеми.

Ако се соберат сите активисти од тој крај  кои биле ангажирани во работата на ТМРО, како курири, ќираџии и домаќини кај кои престојувале нелегални работници и чети, таа бројка би била уште поголема.

Заради сето тоа , денешните генерации од нашето подрачје, им се благодарни на своите предци и се горди што центарот на Пијанец го носи името на великанот на македонското ослободително движење, Гоце Делчев.

**Извори на литература**


1. Археолошка карта на Македонија, том II, Скопје,1996.
2. Археолошка карта на општина Делчево,Скопје,1978.
3. Верски објекти на подрачјето на општина Делчево,списание „Културно наследство“ X – XI за 1983-84 година.
4. Александар Атанасовски, Пијанец во XIII и XIV век,Куманово, 1996.
5. Турски документи за историјата на македонскиот народ, том V, книга I, Скопје,1983.
6. Јеремија Павловиќ,Малешево и малешевци,Београд, 1928.
7. Димитар Узунски,Разловци,Кочани,2001.
8. Пијанец од праисторијата до денес,Делчево,2001.
9. Списание „Културно наследство“,1994 година.
10. Ијордан Иванов,Северна Македонија, Софија, 1906.
11. Влладимир Караманов,Пијанец, Двомесечно царство през 1878 година, Софија 1939 год. I.јуни к.IV
12. Владимир Караманов,Населението на Кустендил од ослобаждането до I-та световна војна, Окружен музеи Кустендил, В:инв.No.287.
13. Славе Гоцев,Национално-революциони борби в Малешево и Пијанец 1860-1912, Софија, 1988.
14. Антон  Попстоилов, Описание на Царево Село,„Новини“ I број 3,1891,Средец(Р.Бугарија).
15. К.П.Стојанов,Триесет години назад,историски записи за првото македонско востание во 1876 година .Ќустендил, 1903.
16. Делчево, монографија,1974.
17. Костендил, Костендилско,Софиа, 1973.
18. Васиљ Кнчов, Избрани произведениа, томII, Софиа, 1970.
19. Извештаи од археолошки ископувања во басенот на  акумулационо езеро „Калиманци“1969, Делчево.
20. Ферман за изградба и доградба на црквата „Св.Ѓорѓија“ во селото Град, заведен во Архивот на Македонија под Инв.бр.76,Ферман.

21. Христо Матанов, Взникаване и облик на Кустендилскиот санджак (XV-XVI век)
22. Гиго Милески, Малеш и Пијанец (II),Софиа,1970.
23. Благој Стоичовски,Пијанечка република, Скопје,2002.
24. Илија Велев,Преглед на средновековни цркви и манастири во Македонија,Скопје,1990.
25. Миодраг Пурковиќ,Попис цркава у старој српској држави, Скопљњ,1938,38.
26. Марко Китевски,Македонски празници,Скопје, 2001.
27. Марко Китевски, Македонски  народни празници и обичаи,Скопје,1996.
28. Михајло Георгиевски,Македонската печатарска дејност,Скопје, 1972.
29. Ѓеорги поп – Атанасов,Библијата за Македонија и Македонците,Скопје,1995.
30. Киро Герасимов,Во светлината на вечноста (Археолошки локалитети, цркви и манастири во Кочанско и Виничко), Кочани, 1997.
31. Зборник – Војводата Иљо Малешевски и неговото време, Берово,2002
32. Историја на македонскиот народ, книга прва,Скопје,1969.
33. Ѓорче Петров,Македониа материјали по изучуванието, Софиа,1896.
34. Виктор Личиќ, Антонио Јакимовски,Истржување на четири тврдини од 6 век,Македонско наследство,VI/17,2001, Скопје.
35. Александар Матковски,Македонија во делата на странските патеписци 1371-1777,Куманово,1991.
36. Иордан Захариев, Пианнец, зениа и население,Софиа,1949.
37. Ахил Николов Теохаров,Записи и натписи во црквите во Малешево и Пијанец, Берово,2004.

**Содржина**

Вовед ........................................................................................................ 1

Црквите и манстирите во Делчевско ........................................................................ 2

Манастири ....................................................................................................10

Црквите и манастирите во Царево село ...................................................................12

Манастирот кај Делчево ....................................................................................18

Црквите во населби во општината .........................................................................22

Христијански собори и собири ...............................................................................75

Сведоштва (библиографски податоци).....................................................................87

Белешки за царевоселци.......................................................................................88

Сеќавања за село Ѕвегор.......................................................................................91

Сеќавања за село Габрово......................................................................................92

Сеќавања за Нов Истевник.....................................................................................95

Сеќавања за село Очипала.....................................................................................97

Патеписците за Царево Село...................................................................................99

Убиствата на царевоселци пред 50 години................................................................103

Состојбите во Царево Село во времето помеѓу 1920-1940 година....................................108

Состојбите во Царево Село во периодот од 1920-1950 година........................................111

Развојот на земјоделието во Делчево.......................................................................114

Тајните канали на ТМРО во Пијанец........................................................................116

Summery ………………………………………………………………………………………………………………………85.

Извори на литература …………………………………………………………………………………………………119.